**УНИВЕРЗИТЕТ “СВЕТИ КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ СКОПЈЕ**

**ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ – СКОПЈЕ**

**ИНСТИТУТ ЗА ИСТОРИЈА НА УМЕТНОСТ И АРХЕОЛОГИЈА**

# Археолошки локалитети на територијата на Неготино

**(магистерски труд)**


**Изработил:** Александар Ликарски

**Ментор** Проф. д-р Антонио Јакимовски


**Скопје 2019**

## СОДРЖИНА


I – Вовед...........................................................................................................3 - 5

II – Историјат на истражување.........................................................................6 - 9

III – Географски и геолошки карактеристики.............................................10 - 12

IV – Историски осврт………………………………………………………........13 - 23

V – Патна мрежа...............................................................................................24 - 29

VI – Археолошки локалитети на територијата на Неготино ................30 - 105

VII – Заклучни согледувања........................................................................106 - 111

VIII – Библиографија.......................................................................................112 - 116

IX – Карти..........................................................................................................117

# I - ВОВЕД

Средното Повардарие во Република Северна Македонија географски го опфаќа делот околу реката Вардар од Велес до Демир Капија. Неготино е сместено некаде во средината на средното Повардарие каде што се наоѓаат едни од нај користените комуникациски патни траси и со таква местоположба неизбежно е да се наоѓа на влијанието на цивилизациските текови кои го опфатиле овој простор т.е микро регион.

Културно историското минато на Неготино и регионот се составен дел на општата културно историска еволуција на Македонија каде се и регистрирани организирани форми на живеење од најраните фази на човечкото постоење се до денес. Историските извори за овој регион се доста скромни, со искучок за првата и втората светска војна, а се дадени во рамките на проучувањето на останатите региони на Северна Македонија.

За создавање на организирани форми на живот од секогаш биле важни ако не и пресудни климатските фактори и географската местоположба. Со континентално медитеранска клима, со многу сончеви денови и со реката Вардар се создале совршени услови за отпочнување на животот во овој регион. Кога ќе се надополнат на тоа и рудните богатства на Тиквешијата и плодната земја го добиваме одговорот за настанувањето на овие организирани форми на живот.

Од досегашните археолошки истражувања поголем акцент е ставен на истражувањата на античкиот период а помалку на средновековните и праисториските. Сепак во последните неколку години вршени се археолошки истражувања и на локалитети од овој карактер со што ќе се надополнат податоците првенствено за карактерот на локалитетите кои се истражуваат а потоа и за целокупната слика за овој регион.

Дека е атрактивно место покажуваат и податоците од самите почетоци на Археологијата во Република Северна Македонија каде што првите систематски организирани археолошки истражувања се извршени токму на границите на овој регион.

Како дел од Пајонија, Античка Македонија, Римска провинција Македонија и во средниот век дел од Византиските теми секако дека ќе се очекува да има доста податоци за сите периоди. Проблем при ваквото истражување е тоа што многу од извршените археолошки истражувања не се публикувани и податоците од истражувањата остануваат скриени и неискористени. Иако е ваква состојбата со непубликувањето на матрејалите добиени од извршените археолошки ископувања, сметам дека и со досегашните податоци што ги имаме ќе ја прикажам сликата за карактерот на локалитетите на територијата на Неготино од праисториските па се до средновековните.

Денес општината Неготино во својот состав има 19 села кои гравитираат околу градот и речиси во секое од нив или во нивна близина имаме податоци за некаков локалитет. Во најмала рака барем една фаза од било кој период од горе опишаните локалитети ќе ни ги даде ориентационите елементи за датирање на некој локалитет.

Очекувам во регионите на селата Долни Дисан, Горни Дисан, Вешје, Тремник и Курија да се зголеми бројот на локалитетите како и во самата блиска околина на градот Неготино. Овие се сите на десната страна на реката Вардар и се директно изложени на патните траси кои се користеле во минатите периоди.

Од левата страна на реката Вардар се наоѓаат локалитети кои се истражувани во минатото но со различен интензитет. Во регионите на селата Калањево, Брусник, Липа и Пештерница досега не се вршени никакви археолошки ископувања. На овој простор се очекува да се добијат податоци кои ќе се малку поконзервативни од останатите делови кои се блиску до реката Вардар, бидејќи овие претставуваат една затворена микро географска целина

Од досегашните археолошки истражувања и од добиените податоци за регионот, може да констатираме дека се јавуваат матрејални остатоци кои што се оригинални и на некој начин го манифестираат човечкото творење од различно културно и историско потекло.

Учествувајќи во археолошките истражувања во Неготинскиот регион се јави идејата за археолошките локалитети во овој регион да бидат точно одредени и

откриени. Сепак методологијата на работење на овој труд ќе биде најмногу по пат на рекогносцирање на Неготинскиот регион. Ќе се примени тематско рекогносцирање[1] во однос на зададената тематска целина со цел за точно позиционирање на секој локалитет одделно, и одредување т.е ставање на локалитетите во своите хронолошки рамки. Важно е да се каже дека со ова се применува еден вид на недеструктивен пристап во изнаоѓањето на сите локалитети како еден од модерните методолошки принципи на работа.

Би било од уште поголемо значење доколку би можело да се користи геомагнетно снимање на терените но тоа во времето на изработката на трудот е невозможно

Во изработката на овој труд од голема важност е времето кога ќе се изврши рекогносцирањето, бидејќи не секое време е погодно за тоа. Така периодот од средината на месец Февруари до средината на месец Април е идеално време за теренското рекогносцирање. Ова е така поради тоа што вегетацијата не е сеуште порасната, нема многу врнежи од дожд а има многу од луѓето присутни на своите поседи кои ја обработуваат земјата и се непосреден извор за постоење на некакви елементи кои би ни укажале за позицијата на некој локалитет.

Од документирањето на теренот се служам со фотометар со разделник од 25 см за поголемите појави на терен а за помалите наоди користам фотометар со разделник од 1 см.

Во последното истражување на кое што учествував во 2019 год. на локалитетот Чаир Рид с.Тремник користен е фотометар со разделник од 10см

Ова понатаму ќе послужи како готов збир на информации за секој оној кој што ќе се најде да истражува на овие простори но и за секој добронамерен вљубеник во нашата историја и археологија кој што ќе има желба да посети некои од нашите археолошки локалитети.

[1] Д. Митревски, 2009, 56.

## II - ИСТОРИЈАТ НА ИСТРАЖУВАЊЕ

Неготинскиот крај е земен како целина со останатите региони во Република Македонија а посебно во делот на средно Повардарските елементи од страна на истражувачите. Досега во повеќе наврати се вршени археолошки ископувања на повеќе локации со различен облик на истражување.

Меѓу првите кои истражуваат на овие простори е професор Никола Вулич од Белград каде што од негова страна е вршено рекогносцирање на овој регион и тоа уште во првата половина на 20 – тиот век. Во селото Војшанци на локалитетот Градиште открива мермерна статуа која е однесена во Музеј на Македонија. Исто така имал собрано камена пластика како дел од своите работни активности и на локалитетот Анска чешма кај с. Тремник[2] и од самата околина на селото.

Друг кој истражувал и пишувал за овие краишта е Фанула Папазоглу која го следи појавувањето на македонските градови во римскиот период[3]. Тука се спомнува Антигонеја на Аксиос па во тој контекст и овој регион е опфатен со темата.

Во текот на месец јули 1958 год извршено е археолошко рекогносцирање во Источна Македонија и по долината на Вардар. Извршено е од страна на екипи на Археолошкиот музеј во Скопје а учествувале Апостол Керамитчиев и Мехмед Мехмедовски. Со ова биле опфатени градот Неготино, Долни Дисан, Вешје и Тремник[4].

Во 1989 Бошко Бабиќ интервенира на локалитетот Трнче – Стреа во с.Пепелиште каде што открива и документира 30 гроба[5].

Потоа следат рекогносцирања од страна на екипи на Музеј на Македонија и тоа во повеќе наврати на разни локации. Ова е правено за потребите на

---

[2] Н. Вулич, 1931, 71, 231 – 237
[3] Ф. Папазоглу, 1957
[4] А. Керамитчиев - М. Махмедовски, 1961
[5] Е. Манева, 2000

проектот за создавањето на Археолошка карта на Македонија од 1996 год. а со ова и Неготино ќе биде ставено во картата под реден број XIX[6].

Во текот на 1997 год вршени се заштитни археолошки ископувања од страна на Републички завод за заштита на спомениците на културата – РЗЗСК, на доцносредновековна некропола на археолошкиот локалитет Гробишта – Сред село во с.Пепелиште[7].

Долгогодишен истражувач на овој простор е и Проф. д-р Иван Микулчич кој што има обработено и исцртано два локалитети а тоа се планиметриите на: Градиште – Неготино и Градиште – с.Војшанци[8].

Докторска дисертација која ја опфаќа антиката во тиквешијата од страна на Живојин Винчиќ издадена во 1994 год[9]. Опфатена е целата Тиквешија и Повардарието како нејзин дел со тоа и Неготино заедно со сите до тогаш познати локалитети.

Елеонора Петрова во докторската дисертација за Пајонија[10] ја истражува оваа географска целина и повторно со Антигонеја но и како територија на која што живееле Пајонците

Лилчиќ Виктор со повеќе издадени трудови е присутен на овој простор. Во двотомното издание "Македонскиот камен за боговите, христијаните и за живот по животот" Има истражувано во делот на камената пластика и ги има позиционирано неколку локалитети на овој простор особено во селата Тремник, Долни и Горни Дисан и селото Вешје[11]. Истиот овој регион го има опфатено во трудот "Римски сепулкрални споменици во средното повардарие"[12].

Елица Манева со книгата "Средновековна некропола – Пепелиште[13] ни дава

[6] Археолошка Карта на Република Македонија. 1996, (АКРМ) ТОМ 2
[7] Н. Петров-Пецовска и М. Велчовски, 1997
[8] И. Микулчиќ, 1999
[9] Ж. Винчиќ, 1996
[10] Е. Петрова, 1999
[11] В. Лилчиќ, 2001
[12] Ibid., 1990, 217 - 226
[13] Е. Манева, 2000

целосна слика за овој локалитет. Откриените гробови, антрополошката анализа и датирањето на некрополата претставуваат едно вистинско научно откритие, ретко за овој регион.

Во поново време сондажни археолошки истражувања се вршени на локалитетот Градиште од страна на екипа на Археолошки музеј на Македонија под раководство на м-р Горан Санев а во ископувањето учествував и јас во 2016 година. Овој проект се работи осум години последователно заедно со екипи од Универзитетот од Гдањск – Полска и музеј на град Неготино

Од страна на Филозофскиот факултет од Скопје во соработка со Музеј на град Неготино се вршат Археолошки ископувања на локалитетот Бела земја – Трнче кај с.Пепелиште под раководство на Проф. д-р Дафина Герасимовска[14]. Проектот е почнат во 2013 год. а на истиот проект работев и јас во 2015 год. и се продолжи на негово работење во текот и на 2017 год.

Во текот на 2008 год. од страна на екипи на Музеј на град Неготино извршено е археолошко истражување на локалитетот Орманков гроб кај с.Тремник[15].

Филозофскиот факултет од Скопје е носител и на археолошкиот локалитет Јака Чешма - с.Тремник а под раководство на Проф д-р Антонио Јакимовски, овој локалитет се работеше во 2013 година[16].

На локалитетот Чаир Рид или Чај Рид исто во с.Тремник се вршени археолошки ископувања од страна на екипи на Музеј на град Неготино и Филозофскиот факултет со професорите Д-р Марјан Јованов и Д-р Антонио Јакимовски. Ископувањата се вршени во 2010 и 2011 година[17].

Проф. др Антонио Јакимовски во докторската дисертација го опфаќа Неготино со локалитетот Градиште и Чаир рид од каде што обработува 33

[14] Д. Герасимовска - С. Карпузова - О. Петров, 2017
[15] К. Ангеловски, 2008
[16] А. Јакимовски, 2013
[17] М. Јованов, 2012

светилки пронајдени од локалитетот Градиште и една глинена светилка од локалитетот Чаир рид откриени до 2008 год[18].

Во текот на 2019 год на локалитетот Чаир Рид беше извршено археолошко ископување, проект на музеј на град Неготино. Раководител на проектот е Проф. Др Марјан Јованов.

Друг локалитет во с.Тремник е населба и некропола од праисторискиот и средновековниот период, поточно од бронзеното и железното време и се работи за локалитетот Мали Дол[19]. Носител на проектот е Археолошкиот музеј на Македонија во соработка со Музеј на град Неготино а под раководство на Александра Папазовска. Овие истражувања траат осум години.

Во 2017 година за прв пат се изведе археолошко истражување на локалитетот Градот – с.Горни Дисан. Проект на Археолошки музеј и Музеј на град Неготино. Откриена е најверојатно ранохристијанска базилика со делови од столбови и откриен е влезот на базиликата[20].

Во 1987 год. Викторија Соколовска во својата докторска дисертација за античката скулптура во СР Македонија обработува до тогаш откриени скулптури од овој регион со тоа ги опфаќа селата Долни Дисан и Тремник[21].

Во текот на 2016 година вршени се контролни сонди околу просторот на саат кулата во населбата Саат Кула во Неготино

Во општината Неготино постои - Централен регистар за недвижни споменици на културата - каде што меѓу другото се заведени и археолошки локалитети без нивно позиционирање.

Нема податоци од кој е тоа правено и од која година е списокот направен

[18] А. Јакимовски, 2012
[19] А. Папазовска, 2018
[20] Музеј на град Неготино, 2017
[21] В. Соколовска, 1987

# III - ГЕОГРАФСКИ И ГЕОЛОШКИ КАРАКТЕРИСТИКИ

## III.1 – Географски карактеристики

Денешната територија што ја зафаќа општината Неготино изнесува 414 км$^2$. Лежи во централна Македонија во регионот на Тиквешијата во делот на средното Повардарие распореден на двата брега на реката Вардар. Се наоѓа на просечна надморска височина од 150 м и е под влијание на топлата медитеранска клима која продира од југ од Демиркаписката клисура и континентална студена клима која доаѓа од север преку Велешката котлина.

На север во рамнината се граничи со општина Градско а на северозапад со општина Кавадарци. Североисточно со општина Штип а источно со општина Конче. На југ се граничи со општина Демир Капија.

Географски се состои во поголемиот дел рамнина но има и планиски делови. На исток се наоѓа планината Серта или Конечка планина со најголема надморска височина од 1159 метри на врвот Волчјак.

Друг планински дел можеме да кажеме дека е подножјето т.е почетокот на Кожуф планина во пределот на Витачево  на југозападната административна граница на општина Неготино поточно во пределот на селата Горни Дисан и Вешје.

Карактеристика за овој предел е тоа што е доста богат со подземни води со пивка вода. Доказ за тоа се многубројните чешми направени во ридските предели

## III.2 – Геолошки карактеристики

Од геолошки аспект средното Повардарие е тектонски нестабилен простор исполнет со подземни води. Во овој дел се наоѓаат повеќе котлини меѓусебни поврзани со повеќе клисури низ кои тече најголемата река низ Македонија Вардар со должина од 301 км.

Покрај самиот град се наоѓа областа Тимјаничка цуцка која што претставува богат простор за откоп на јаглен со капацитет од 200 милиони тони. Неговата калорична вредност изнесува од 1000 до 3000 калории на килограм. Се простира на површина која што почнува некаде од јужните делови на Неготино до с.Тремник и јужно кон с. Тимјаник и околината. Зафаќа површина од над 60 км$^2$. Сеуште не се вршени никакви откопувања на јаглен на овој простор. Неготино припаѓа на Вардарската зона според поделбата на геотектонски единици на територијата на Република Северна Македонија[22]. Во внатрешноста на Вардарската геотектонска единица се образува Тиквешкиот неотектонски гребен[23]. Во Неготино е откриено наоѓалиште на јаглен кое му припаѓа на Тиквешкиот неогенски басен сместен во јужно централните делови на Вардарската зона формиран во вториот циклус (горен миоцен) кога и започнал да се образува како гребен (горен сармат) и постепено се претворил во слатководно езеро кое егзистирало до почетокот на квартер[24].

Со сигурност се потврдени и плиоценски езерски седименти кои се претставени со песоклива серија која делумно лежи над палеозоиските и мезозоиските наслаги.

Еден од доказите за определување на староста на плиоценските седименти (чакал – песоклива серија) ни служат бројните наоѓалишта на пикермијската фауна: мастодони, газели, свињи, жирафи, носорози, антилопа и др.[25].

Во диливиумот поради тектонски прекршувања и тонења на басенот на денес познато како Егејско море езерото кое што било на овој простор пресушило.

Длабоките клисуресті прооди, ниските седла и сериите на рељефните тераси во овој реон се исто така сведоштва за постоење на езерото и неговото пресушување.

Друг интересен податок е дека над селото Вешје се наоѓа рудник за креда. Овој откоп кој што работел до пред 40 год ден има оставено цел систем на

[22] М. Николовска Пановска, 2012, 18
[23] Ibid, 20
[24] Ibid, 21
[25] Ibid, 28

подземна мрежа на тунели кои што голем дел се намерно затрупани поради безбедносни мерки. Во минатото кога работел рудникот можело да се стигне од Вешје до Горни Дисан преку самата тунелска мрежа.

Денес целиот простор е еродиран а дали служел за уште нешто во минатото ќе треба да се истражи можеби во рамките на некои идни геолошки истражувања.



## IV – ИСТОРИСКИ ОСВРТ

Регионот кој што е опфатен во овој труд бил населен уште во праисторијата. Доказ за тоа се неколку локалитети кои ни даваат по неколку хронолошки фази на егзистирање. Веровaтно ќе ги има повеќе но поради недоволната истраженост на овој микрорегион имаме само неколку за кои што можеме да пишуваме.

И покрај ваквата состојба сепак доволно е да утврдиме дека живот постоел во неолитот, бронзеното и железното време за да продолжи да го следи континуитетот во целата антика и во средновековниот период па до денес. Немаме досега откриено локалитети кои се датираат во палеолитот, мезолитот и бакарното време. Останува со понатамошни ископувања да се надополнат овие хронолошки фази за живот во овој регион.

Досега не се откриени палеолитски и мезолитски наоѓалишта а со својата местоположба овој регион се наоѓа помеѓу двете најистражени и најзначајни неолитски култури. Тоа се на исток Анзабегово-Вршничката културна група и на запад Велушинско – Породинската културна група. На север се наоѓа Скопската културна група со Зелениково

Почнувајќи од младото камено време – неолит се среќаваат локалитети на овој простор. Можеме да одвоиме само неколку за територијата за која е тема на трудот и тоа само на основа на површинските рекогносцирања извршени во минатото и благодарение на некои градежни зафати. Така на територијата на с.Курија во месноста викана Влакно при изградба на далновод е откриена двослојна неолитска населба и населба од бронзеното време на истиот простор[26].

Од енеолитскиот период немаме регистрирано локалитет на овој простор веројатно повторно поради слабата истраженост.

Во средината на третиот милениум п.н.е се востануваат културните особености на раното бронзено време со формирањето на т.н балканско – долноподунавски комплекс на раното бронзено време[27] т.е влијание од север

[26] М. Ивановски, 1996, 234
[27] Д. Митревски, 2013, 172

а чии вредности продолжуваат да се негуваат и во текот на средното бронзено време. Ваквата ситуација се менува во текот на XV – XIV век п.н.е кога сега се следат културните појави од југ т.е од Егејскиот басен и првите контакти со микенскиот свет[28].

Евидентно е дека ширењето на микенските елементи северно од микенскиот свет се одвивало по течениjата на реките. Од Халкидик и Солунскиот залив по долината на Вардар на север до Скопско, а според наодите на микенски мечеви и до Игларево на Косово[29]. Во доцното бронзено време се формира културна заедница отворена за контакти и се формира по долината на реката Вардар и нејзините притоки. Така се афирмира повардарската културна група на доцното бронзено време или позната како група Уланци според селото Уланци кај Градско[30]. Формирањето на групата се случило кон крајот на XIV век п.н.е односно после првите навлегувања на север на микенските продукти по долината на Вардар[31].

Населбите во групата се мали по површина, од градински тип, организирани на доминантни возвишенија со истакната геостратешка положба вообичаено заштитени со бедем од сувоѕид[32]. Таков е примерот со Столот – Уланци и Градиште – Водоврати исто кај Градско.

Некрополите од оваа група секогаш се лоцирани во близина на населбите, добро се организирани со единствен начин на погребување а тоа е погребување со инхумација. Телото се полага во левата или на десната страна во зависност од полот на покојникот. Најистражена некропола е Димов гроб со 125 гробни конструкции и се погребувани во правоаголни цисти.

Групата Уланци мирно се развивала без знаци на надворешна опасност низ XIII и XII век п.н.е и опстојувала се до почетокот на XI век п.н.е кога започнале немирни времиња односно навлегување на заедници од северен и централен балкан кон југ по Моравско Вардарската долина. Овој бран навлегувања донел деструкција на речиси сите познати доцно бронзени локалитети а нејевидентен

[28] Д. Митревски, 2013, 181
[29] Д. Митревски, 1999, 789 - 796
[30] Д. Митревски, 1997, 26 -70, Д Митревски., 2003, 46
[31] Д. Митревски, 1999, 789
[32] Д. Митревски, 2013, 184

е примерот кај локалитетот Манастир – Чашка кај Велес[33]. Овој локалитет настрадал наеднаш целосно изгорен а пронајдени се и оружјата на рушителите т.е бронзени секири – келтови, бронзени копја и стрели кои се типични за северно балканските култури од тоа време[34].

Кон крајот на бронзеното време во медитеранскиот круг се случуваат промени како во Европа така и на Балканскиот полуостров а со тоа и на нашата територија. Се случува миграција позната како големите Егејски преселби, настан што ќе донесе серија разурнувања на трасата на која поминува бранот на миграција. Кон крајот на бронзеното и почетокот на железното време биле уништени голем број населби на територијата на Македонија а нападите на Балканскиот полуостров доаѓајки од север кон југот поминувале низ Македонија. Тоа било вршено во повеќе наврати и по разни траси. Според М. Гарашанин тоа се одвивало во две траектории, едната е долината на реката Вардар а другата поминува преку источна Македонија т.е била користена старата неолитска траса. Ваквите претпоставки подоцна со археолошките истражувања се потврдени и на терен во однос на елементите кои се јавуваат од рушените бронзенодопски населби.

Од овој период крајот на бронзеното и почетокот на железното време покрај долината на реката Вардар ја имаме некрополата Мали Дол кај с.Тремник,која што е современик на настаните што се случуваат. За тоа каде е населбата потребно е да се направат археолошки истражувања на неколку локации во околината на с.Тремник.

Некрополата Мали Дол во целост одговара на групата Уланци според начинот на погребување во правоаголни цисти и според откриените наоди, но тука се јавува и еден нов културен елемент а тоа е погребување со кремација[35] Оваа некропола со сигурност егзистирала во преодниот период т.е преминот од доцно бронзено во рано железно време.

Железното време е период кога се формираат нови општествени и културни односи и претставува период на формирање на првите народи на Балканот. Во

---

[33] Т. Јовчевска, 2008 а
[34] Ibid, 2008 а Таб, XXV, XXVII, 99 - 103
[35] А Папазовска., 2018

X век п.н.е се надминати критериумите на доцнобронзеното време и бил отпочнат железнодопскиот развиток[36].

За најстар етнички супстрат регистриран на овој простор во науката е прифатено дека се Пајонците. Тие биле составени од поголем број на мали племиња и ја зафаќале широката област на јужен Балкан. Античките писатели ги спомнуваат нивните племиња на изворот и устието на Вардар и на изворот и устието на Струма На терен досега се откриени многу малку монети и тоа од регионот на Демир Капија. Во Неготинскиот регион досега нема откриени монети од Пајонските кралеви. За прв пат се спомнати кај Хомеровата "Илијада" ( II, 2 ) Тој ги спомнува како ``А криволаките Пајонци пак си ги водел Пирајхме, одскраја од Амидон, од широкострујниот Аксиј `[37]. Истиот подоцна повторно ги спомнува Пајонците ... Протесилај, та што го згодил Пирајхма, што Пајонци, коњици добри, од Амидон беше довел од широкострујниот Аксиј[38] ....

Она што со сигурност можеме да го кажеме е дека регионот е дел од Пајонија и таа е и најстарата област со организирано владеење на овој простор. Хомер географски Пајонија ја става на широкиот Аксиј кога го споменува и пајонскиот град Амидон . Дури и во периодот на губење на територии од страна на соседите овој регион останува во состав на Пајонското кралство.

Движењата во рамките на Големите Егејски преселби допринеле за слабеење на пајонската моќ на својата територија. Така во текот на полното железно време а особено во текот на VII и VI век п.н.е повторно зајакнуваат но сега се концентрират во други региони кои се со изразена металуршка основа и можност за брза економска моќ. После експанзија на македонското кралство овој регион прв ќе се адаптира на новата пајонско македонска симбиоза[39]

По завршетокот на железното време влегуваме во архајскиот период од каде што на територијата на Република Северна Македонија овој период е силно поврзан со т.н Кнежевски погребувања кои се манифестирани во Требениште, Битола и Охрид. Во Неготинскиот крај имаме само еден досега

[36] Д. Митревски, 1997
[37] Хомер, В 845
[38] Хомер, П 285
[39] Д. Митревски, 1997, 200

регистриран локалитет и тоа е на Раткин Дол – Градиште – Неготино. Се работи за печки за керамика кои се откопани со градежна механизација незнаејќи за нивното постоење. Тоа се има случено во 1953 год за потребите за изградба на модерната циглана. Веднаш е извршено нивно вадење од страна на екипи на музејот од Велес каде што и денес се наоѓаат[40].

Во текот на VI век п.н.е Пајонците ги среќаваме широко распространети на голем дел од југоисточниот Балкански полуостров[41]. Во периодот на својата најголема моќ Пајонија можеме да ја лоцираме од Стримон на исток до Пелагонија на запад, од морето на југ до изворите на Стримон на север, по целото течение на Аксиос најверојатно вклучувајќи го и нејзиниот горен тек[42] Во текот на V век п.н.е тие се потиснати од Македонците на север на просторот на горното и средното течение на Вардар и горниот тек на Струма. Во времето кога го формирале своето кралство Пајонците се рашириле и на просторот западно од средниот тек на реката Вардар т.е во Пелагонија и Деуроп. Во текот на IV век п.н.е за време на владеење на Авдолеон Пајонија се проширила најверојатно со дел од Агријанска територија кон север. Во првата половина на IV век п.н.е со Пајонија владеел Агис се до 359 г. п.н.е кога и е нападната и потчинета од страна на Филип II. Иако е под македонска власт тоа не значи и нејзин крај. Биле должни да му плаќаат данок на македонскиот крал и да даваат војска по потреба. Ваквата состојба носи до заклучок дека Пајонија имала значајна улога во обезбедувањето на северните македонски граници и дека поради тоа Филип се одлучил да им даде извесна независност[43]. На чело на Пајонија доаѓа Ликеј кој е веројатно од истата кралска куќа на Агис( некој роднина). За овој владетел е значајно што е најдена острава со пајонски кралски монети во близина на Кавадарци.

Во македонската кралска куќа следува промена на престолот во 336 пне. Доаѓа Александар III а во Пајонија владеел Ликеј се до 340/335пне[44]. Него го наследил Патрај 340/335 до 315 пне кој веројатно бил негов син. За Патрај

[40] И. Микулчиќ, 1984, 111 - 138
[41] Е. Петрова, МАА, бр 12, 1991, 41
[42] Ibid, 15-16
[43] Ibid, 21
[44] Ibid.

нема многу податоци од историографите но затоа има доста монети. Има и натпис на кој што вели дека е татко на Аудолеон[45].

Аудолеон ја наследил Пајонија во 315 пне и многу е веровaтно да искористил тоа што Македонија била ослабена и ја обединил Пајонија. Ова го потврдуваат и изворите кој се јавува како владетел кој што бара помош од македонците за зачувување на своите територии од нападите на Аутаријатите па според ова можеби Пајонија веќе не била дела од македонската стратегија[46]. Во 306 пне Аудолеон се прогласува за басилеј истовремено кога Александровите дијадоси се прогласиле за кралеви. После овој настан Аудолеон станува првиот Пајонски крал чија титула ја читаме на натписите, парите или во изворите[47].

Периодот од крајот на IV и почетокот на III век пне е доста тежок за Македонија. Аудолеон ја користи ваквата ситуација и се ориентира кон Атина. Заради неговата послучност кон Атињаните со тоа што им подарил 7500 медимни жито атинското собрание одлучува да му подари златен венец, да му додели атинско граѓанско право,и нему и на неговите наследници да му подигне на агора бронзена статуа. Ова е и последната информација за Аудолеон кој што умира во 286/5 г пне и ја остава земјата соочена со голем број на опасности[48]. По галската наезда во III век п.н.е Пајонија како и Македонија се опустошени. Во 279 пне голема орда на Келти ( Гали) тргнале од Подунавјето кон југ. Преминувајќи ја Дарданија се делат во три групи од кои едната поминува низ Пајонија под вoство на Брен и Акихориј[49]. После галската наезда на чело на Пајонија доаѓа Леон кој ја консолидира и ја спасува од уништување. Неговото име се спомнува на парите што ги ковал и на еден натпис од Олимпија[50]. Леон е наследен од неговиот син Дропион некаде во средината на III век пне[51].

Раноантичкиот период во македонија е поделен на Класичен и Хеленистички. Класичниот период го опфаќа периодот на V и IV век п.н.е и

---

[45] Ibid.
[46] Ibid, 22
[47] Ibid, 23
[48] Ibid, 24
[49] Ibid.
[50] Ibid, 25
[51] Ibid.

претставува период на силни општествени,социјални и политички промени, во рамките на различните племенски заедници кои биле присутни. Се формирале првите државни организации и првите градови заедно со племенските а подоцна и кралските ковања на пари како и интензивен развој на занаетчиството и трговијата[52]. Продолжува негувањето на Пајонско Македонските односи но само во насока на амбициите на македонското кралство. Пајонските племенски заедници биле на некој начин приморани да служат на македонската династија на Аргеадите. Во III век пне на историска сцена стапуваат Дарданците чија агресивна политика кон Македонија ќе доведе до заземање на некогашната територија на Агријаните се до Билазора[53] кој пак важи за најголем и најсеверен град на Пајонците. Имале делумна автономност но до која мера сеуште во науката не е доволно разјаснето.

За време на Филип II јужната граница на Пајонија е поместена дури до Демир Капија. Во неа овој регион е од самото нејзино создавање веројатно околу 13 век п.н.е се до нејзиниот крај во втората половина на 3 век п.н.е Претходно потпаѓа целосно под македонска власт и биле во служба на македонците. Ја чувала северната граница на Македонија во времето на Филип II, а со текот на времето изгледа дека се претопиле со масите на народ кои доаѓале и оделе од овие простори.

За времето на Филип V се обновуваат некои од градовите кои што им служеле за одбрана од Римјаните. Обновување од овој период се бележи на Градиште – Неготино во контекст на темата што се обработува. Според Проф Лилчиќ името Антигонеја тој го ставил во чест на неговиот чичко Антигон III Досон[54]. Во овој контекст треба да кажеме дека сеуште не е откриено за кој локалитет важи Антигонеја која се спомнува на Појтингеровата карта. Покрај Градиште Неготино кандидат е и населбата Чаир Рид кај с.Тремник. Постојат повеќе мислења за тоа кој е основачот на Антигонеја. Едното е дека ја основал

[52] С. Блажевска, 2013, 638
[53] Ibid, 639
[54] В. Лилчиќ – Н. Шелдаров, 1994, 97

Антигон Гоната[55] а другото е дека ја основал Антигон Досон[56] врз остатоци од постара населба.

Кога во 168 год пне Римјаните ја победиле Македонија во третата таканаречена Римско македонска војна 171 – 168 пне. по битката кај Пидна македонскиот крал Персеј воедно и последен македонски крал е поразен од римскиот конзул Емилиј Паул[57]. Ова е годината кога завршува Хеленистичкиот период на овие простори и се влегува во Римскиот период. Римјаните ја делат Македонија на четири мериди и со тоа и Пајонија е поделена меѓу втората, третата и четвртата мерида. Сепак дури после востанието на Андриск т.н Филип Лажниот во 149-148 пне Македонија ја губи внатрешната самостојност и ќе добие статус на римска провинција што подразбира присуство на Римска војска и плаќање на поголеми даноци и обврска за давање на помошни одреди[58].

Со формирањето на римската провинција Македонија во 148 год. п.н.е четирите мериди добиваат управни центри т.е главни градови. Овие податоци првенствено се добиени од два антички извори. Тоа се Ливиј и Диодор и тие и двајцата вршат речиси иста поделба на територијата за тоа како е поделена Македонија

Во првата област главен град е Амфипол и ја опфаќа територијата меѓу реките Стримон и Нест а на север до планинското подножје на Тракија.

Во втората област главен град е Тесалоника и ја опфаќа територија меѓу реките Аксиј и Стримон заедно со земјите на Пајонија кои се источно од Вардар.

Во третата област главен град е Пела и ја опфаќа територија меѓу реките Аксиј и Пенеј на југ заедно со Пајонските земји западно од Вардар со Стоби.

[55] Ф. Папазоглу, 1957, 241
[56] Е. Петрова, МАА, 1991 бр 12, 27
[57] Л. Јованова, 2013, 790
[58] Л. Јованова, 2013, 793

Во четвртата област главен град е Пелагонија и ја опфаќа територијата на некогашните области на Еордаја, Линкестида со северниот дел на Пелагонија а на запад до границите со Епир и Илирија[59].

Од сево ова можеме да донесеме заклучок дека ваквиот начин на административна поделба на Македонија, територијата на денешно Неготино ја става поделена на границата меѓу Втората и Третата мерида.

Она што се случува подоцна ќе донесе многу тежок период на живеење на овие простори. Од пишаните извори се дознава дека територија на Македонија постојано била изложена на напади од страна на среднобалкански племиња: Скордисци, Дарданци, Дентелети, Меди и др[60]. Ваквата ситуација ќе допринесе Македонците повторно да се кренат против Римската власт во 112/111 г пне но повторно се поразени во 110 год[61]. После ова се е поврзано со римското владеење и интересите на Рим. За овој регион немаме никакви податоци за тоа што се случувало, па така најверојатно е дека нема некои отстапки од генералните случувања во однос на Македонија се до Царот Диоклецијан кој што ја поделил Римската империја на источна и западна половина. Во времето на Диоклецијан 284 – 305 почнува периодот на Доцното царство. Тој целото царство го поделил на 12 диецези а нив пак на провинции

Секоја половина имала по два дела наречени префектури а префектурите имале свои поделби на диецези. Префектурата Илирик ги содржела диецезите Дакија и Македонија[62].

Диецезата Дакија била оформена од шест провинции и тоа: средоземна Дакија, Крајбежна Дакија, Мезија прва, Дарданија,Превалитана и Македонија Салутарис.

Диецезата Македонија била поделена на седум провинции и тоа: Ахаја, Македонија Прима,Крит, Тесалија, Стар Епир, Нов Епир, Македонија Секунда.

Нашиот крај во овој период на доцната антика влегува во провинцијата Македонија Салутарис подоцна Секунда (втора) со главен град Стоби.

---

[59] Ф. Папазоглу, 1957, 58
[60] Историја на македонскиот народ, 2008, 67
[61] Ibid.
[62] В. Лилчиќ, 2002, 529

На историска сцена стапуваат Готите кои што го напаѓаат целиот Балкански полуостров. Тие се појавуваат во 267,268 и 269 год и повторно се јавуват во 322 и 323 год кога ги пустошат Долна Мезија и Тракија одејќи кон Македонија[63]. Сите поголеми движења на ваквите групи кон Македонија кои што имаат уништувачки карактер се присутни на територијата на Неготинскиот регион.

Во IV век царот Константин Велики е оној околу кој се вртат сите збиднувања во општествениот и политичкиот живот во царството. Ширењето на христијанството и градењето на цркви ќе допринесе за негово устоличување како најголем во очите на свештените лица.

Во 379/380 повторно се забележани упади на Готите. Овој пат под водство на западноготскиот водач Фритигерн кој што стигнал со своите одреди од Тракија по патот Сердика – Стоби кон Повардарието а од таму кон Солун. Целиот овој регион бил ограбен а Готите потоа се повлекле назад во Долна Мезија[64]. Дури во 395 –та тргнале кон Константинопол од Долна Мезија.

Во V век доаќаат Хуните, степски народ кој што ќе донесе најголемо уништување на овие простори. Претходно бегајќи од Готите населението кое што живеело во рамничарските предели и регионите блиски до патните мрежи се повлекува во повисоките места. Доцноантичките збегови ( населби) се честа појава во овој крај а не само кај нас туку и на територијата на цела Македонија.

Колкава била моќта на Хуните говори и фактот дека ги потиснуваат германските племиња Визиготите и Остроготи од овие краеви т.е од балканот кон западните делови на Римската империја[65].

Трагите на Хунските разурнувања се видливи на многу археолошки наоѓалишта низ Македонија. Најмногу се наоѓаат остатоци од оружје како што се рефлексни лаци и стрели од Стоби и Хераклеја а кои што се типични за хунската воена опрема.

Во текот на VI век на Балканот доаѓаат нови народи. Кутригури, Бугари, Словени и Авари напаѓаат и уништуваат на овие простори но и постепено

[63] М. Ончевска Тодоровска, 2010, 22
[64] Ibid, 23
[65] Ibid, 25

почнуваат да се населуваат. Уништувачките походи најмногу се евидентни и регистрирани по оставите на пари т.е депоа на пари пронајдени во неколку наши доцноантички градови кои што даваат исти хронолошки елементи.

Поминувајќи од овие простори Словените се населуваат на Пелопонез каде на крајот на VI и во почетокот на VII се формираат Склавинии. Со ова почнува една нова ера на нашите простори. Почнува големо мешање на народите и се создават нови етнички групи.

За Неготинскиот регион немаме некои податоци за настаните што се случувале. Можеме да кажиме дека на патеката на движење на овие народи бил локалитетот Градиште кај Неготино и најверователно Градиште кај с.Војшанци. Кај Градиште – Неготино има доцно антички бедем изграден во IV век н.е[66] а на истиот локалитет животот траел се до VI век кога и се случуваат сите овие разурнувања. Во периодот од VII до крајот на IX век постојат многу малку податоци воопшто за целата територија на Република Македонија. Така не е исклучок и овој регион.

Во средниот век целосно влегува во територијата на Самуиловото царство како и целиот овој крај но за жал немаме никакви траги од овој период кога се работи за Неготино и околината.

Од досега она што е истражено за овој регион во средниот век се неколку некрополи од и тоа се кај с.Тремник: Мали Дол[67] и Јака чешма - Црквар[68], и некрополите во Пепелиште: Трнче – Стреа и Гробишта – Сред село[69].

Дури и со ваквите податоци многу малку дознаваме бидејќи добиените податоци се однесуваат најмногу на гробните целини кои што дел од нив се обработени и антрополошките остатоци кои не се обработени

[66] В. Лилчиќ, 2013, 969
[67] А. Папазова, 2018
[68] Е. Манева, 1992, 167
[69] Н. Петров - Пецовска и М. Велчовски, 1997

## .V – ПАТНА МРЕЖА

Уште од најраната фаза на човечкото постоење движењето било од пресудно значење за развој и преживувањето на човекот. Покрај геоморфолошките карактеристики голема улога во развојот на регионите, градовите и населените места имала и патната комуникација. Таа како по однапред зададена шема речиси секогаш ја наоѓаме покрај реките и речните долини како најбрз начин по природен пат за стигнување до саканата дестинација.

Во Неготинскиот регион реката Вардар е главната артерија на движењето. Речната долина на реката како природна сообраќајница била користена од праисторијата па се до денес.

За прв пат територијата на нашата земја се јавува во картите од вториот век од н.е. и тоа во картата на светот на александрискиот картограф и географ Клавдиј Птоломеј 90 – 168 г. Иако оригиналот не е сочуван постојат два преписа кои се разликуваат[70]. Изданието на сликата потекнува од 1490 год и иако доста од географските податоци се погрешно напишани сепак ова е прва карта на која што е претставена нашата држава.




[70] И. Петрушевски, 1995, 9

Втората мапа е изработена од римскиот картограф Касториус во 340 г. н.е. Оваа мапа е позната како Појтингерова табула и денес се чува во Националната библиотека во Виена.

На оваа табула  територијата на нашиот крај е опфатен со Антигонеја која што е ставена меѓу Стоби и Стенае т.е на 11 римски миљи од Стоби и 12 римски милји до Стенае. Оваа табула претставува итинерариј и со тоа е ставен акцент на патната мрежа[71] додека на географијата многу не е обрнато внимание. Во секој случај ваквите карти ги даваат првите податоци за некои географски области, реки, езера, планини и најважно имињата на населените места.




***исечок од Појтингеровата карта со локацијата на Антигонеја***

[71] Ibid, 29

На територијата на Република Северна Македонија можеме слободно да кажеме дека главните праисториски патни траси се поклопуваат со оние од римско време. Тука станува збор за долините на реките како главна рута за движење на масите народи кои поминале на овие простори.

Територијата на нашата држава ја сечат три големи сообраќајници: Егнатијскиот пат, Дијагоналниот пат од Хераклеја до Пауталија и Вардарската магистрала

Вардарската магистрала претставува јужен крак на таканаречената Via Militaris ( војнички пат) што продолжува кон Дунав[72]. Овој пат во Македонија влегува преку Косово, поминува покрај Скупи на 2 миљи од градот, преку рамницата кај Белимбегово и избивал кај реката Пчиња[73]. Од таму го следи десниот брег на Вардар и избива на устието на Бабуна во Вардар. Тука го преминува Вардар и по релативно рамен терен преку денешно Градско стигнува во Стоби. Од Стоби покрај десниот брег на Вардар од северната страна влегува на Градиште – Неготино, Антигонеја на Појтингеровата Табула[74]. Денес сеуште има остатоци од Вардарската магистрала кај Градиште Неготино. Од тука патот продолжува кон југоисток речиси како и денешниот автопат и влегува во Стенае кај Демир Капија. Од тука всечен е во десната карпа над реката Вардар и излегува кон Валандовската котлина а од таму кон Солун.

Територијата која што ја опфаќа Вардарската магистрала во Неготинскиот регион ја следиме од атарот на с. Црвени Брегови како најсеверна точка до атарот на с. Тремник на југозапад со приближна должина од околу 23-24 км.

Постои мислење дека патот од Стоби до Сердика не оди преку Водоврати – Ad Cephalon кон Астибо, туку дека продолжува кон Антигонеја и од таму се дели во лево кон Астибо. Од Антигонеја патот одел кон с.Драгоево до долината на Крива Лакавица и од таму кон Штип - Астибо[75].

---

[72] В. Лилчиќ, 1994, 114
[73] Ibid, 115.
[74] Ibid.
[75] Ж. Винчиќ, 1996, 14

Локален пат од прв ред постоел од Градиште – Неготино до Градиште – Глишиќ и кон Еударист кај Дреново[76].

Доколку предложената траса кон Сердика преку Астибо да оди од Градиште – Неготино тогаш тука имаме ќе раскрница на три важни патни правци. Ова во некое наредно истражување би било предизвик за разработување на овие тези. Во контекст на ова би кажал и дека на ваквата можна траса на 2км северно од Неготино лево од патот за с.Криволак биле видливи два моста т.е вијадукти од римскиот период. Биле градени од зеленикав песочник со димензии 6 x 6 и висина од 2,5м а разурнатиот мост бил со малку поголеми димензии[77]

Друг пат од локален карактер е поврзувањето на с.Тремник со с.Вешје а од таму кон с.Барово. Имено Вардарскат магистрала поминува покрај локалитетот Чаир Рид кај с.Тремник (кандидат за Антигонеја) и од тука на почеток по рамен терен а потоа по ридестите предели продолжува кон југозапад кон селото Вешје каде што се регистрирани бројни локалитети.

Во текот на 2017 год заедно со М-р Орданче Петров од регионот на Витачево над с.Страгово по рамницата следевме пат од римскиот период во должина од 13-14 км.

Патот е здрав дури и денес се користи од страна на локалните жители. Од Страгово поминува над с.Барово и постојано е во рамниот дел значи не влегува во населените места. Поминува блиску до локалитетот Градот кај с.Горни Дисан меѓутоа од страната на Витачево а не од страната на Горни Дисан за да потоа во атарот на с.Долни Дисан се раздели и најверојатно на запад оди кон Градиште – Глишиќ и кон локалитетот Белград а на исток кон селото Долни Дисан.

---

[76] Ibid, 15
[77] Ibid, 89



***римски пат од с.Долни Дисан кон Витач***

Овој пат највероватно бил користен за експлоатација на мајданите за руда кои што ги има во голем број во подножјето на Кожуф планина. Ќе треба да се доистражи трасата од Страгово кон Кожуф во наредниот период за да се види целата должина на оваа траса.

Друг пат од локален карактер е забележан од Рожден преку Витачево кон Градот - Горни Дисан кон Градиште Неготино[78].

Можеме да заклучиме дека во голема мерка патиштата од римскиот и доцноантичкиот период се користат и денес т.е трасата на која што поминувале и таа не е изменета. Услов за изградба на патишта особено во ридестите предели било тоа што биле експлоатирани рудните богатства кои што ги има во изобилство во околината на Тиквешијата а во случајот патните траси не можеме да ги заклучиме само на територијата на Неготино бидејќи широко комуницирале со околните населени места и вршеле разноврсна размена на стоки.

[78]В Лилчиќ., 1994, 116







***остатоци од антички пат кај Градиште - Неготино***

# VI – АРХЕОЛОШКИ ЛОКАЛИТЕТИ НА ТЕРИТОРИЈАТА НА НЕГОТИНО

## Брусник

**Рамно поле** – населба од доцноантичко време. На 500 метри северно од селото по површината на нивите има повеќе грамади од камен, фрагменти од ќерамички садови, питоси, тегули и имбрекси[79].

Денес на лице место не е видливо ништо на површината т.е ситуацијата опишана погоре не е затекната. Веројатно поради долгогодишното обработување на земјата површинските наоди се скриени т.е затрупани а денес во селото нема жители.

**Турски Гробишта** – некропола од доцно античко време. Се наоѓа на околу 150 метри северозападно од селото, веднаш под патот што води за село Пештерница. Овде мештаните ваделе големи камени плочи од гробови од типот циста. Истите плочи биле извадени и иднесени во дворовите на куќите. Од гробните прилози биле најдени бронзени предмети и стаклена мониста[80].

Денес видливи се само дупките кои што останале ископани од страна на мештаните и дивите копачи. Највероватно доцноантичката некропола била користена и во турско време како муслимански гробишта. Нема податоци каде се наоѓаат гореопишаните наоди

Во поширoката околина на с.Брусник до сега не најдов некои други локалитети

## Вешје

**Јагнила –** во археолошката карта на Р.М е запишано дека месноста јагнила се наоѓа на два километри западно од селото[81]. Овој податок не е точен во однос на позицијата, туку оваа област се наоѓа околу 1,5 км североисточно од селото помеѓу ридот Лопатица и Ѓорев рид. Незнаеме дали е грешка напишано името на локалитетот или се работи за некој друг локалитет кој се наоѓа западно од селото.

[79] М. Ивановски, 1996, 225
[80] Ibid.
[81] А. Керамитчиев, 1961, 114

При обработката на земјата најдени се неколку питоси и монета искована во времето на Фаустина постарата

На катастарскиот план се наоѓа на парцелите со број 773, 774, 776

**Кочање –** овој локалитет се наоѓа на околу 3 км северно од селото на повисокиот рид веднаш до ридот Мала Лопатица. Од тука при орање на нивите се извадени питоси и неколку камени градежни елемети а на неколку места биле забележани траги од темели од ѕидови. Денес нема видливи остатоци од овие елементи но има фрагментирана керамика. Најверојатно е дека се работело за помала агломерација која егзистирала во римскиот период[82].

**Лишови Дабја** – Црква и некропола од ранохристијанско време. Се наоѓа на 2км јужно од селото на висок рид се останати само темелите од црквата. Има гробови на источната страна од црквата а бил пронајден и надгробна стела од мермер со грчки натпис од кој се дознава дека споменикот бил подигнат од синот на Диоскурид[83].

**Прибошовец –** овој поим претставува поголема рамнина во која што се наоѓаат и неколку помали ридови. Поимот географски зафаќа поголема површина па затоа и е малку потешко да се лоцираат локалитетите само според дадениот опис од досега регистрираните. Мора да се каже дека денес се видливи остатоци од нелегално ископување на локалитетот поточно на теренот веднаш до ридот Голема Лопатица од неговата северозападна страна. Поради ваквата состојба и појавата на различни елементи ги поделив како Прибошовец 1, Прибошовец 2 и Прибошовец 3. Многу е веројатно дека трите посебни ознаки припаѓаат на еден локалитет кој што според наодите претставува една поголема целина заедно во целост со ридот Лопатица кој што одговара како акрополен дел на населба.

Прибошовец 1, 2 и 3 се наоѓаат во подножјето на ридот Гоема Лопатица и тоа на неговата северозападна страна. Не е сигурно дали целиот простор околу ридот бил користен за живеење или само овој северозападен дел каде што се наоѓаат архитектонски остатоци. Во околината на овој простор се

[82] Ж. Винчиќ, 1996, 45
[83] А. Керамитчиев, 1996, 225

забележуваат подградувања но не е јасно дали се од постаро веме или од новото модерно време за потребите на населението.

**Прибошовец 1 –** Се наоѓа на самото подножје на ридот во малку зашумен предел видлив само доколку се искачи на ридот Голема Лопатица. Уништен од диви копачи на лице место има дел од камен столб кој што најверојатно е дел од базилика или средновековна црква. Од останати наоди најдена е фина трпезна керамика која што според структурата и формите се работи за доцноримска и доцноантичка керамика. Покрај другото има и фрагмент од црепна кој што зборува за средновековниот карактер на локалитетот. Откопан е и апсидалниот дел што само зборува дека на ова место навистина постоела базилика или црква.







**Прибошовец 2 –** Се наоѓа веднаш до Прибошовец 1 малку на запад и е разрушен од страна на нелегалните ископувачи. И покрај ваква ситуација сепак делови од ѕидовите стојат и не се уништени. Се работи за рамна оголена површина лесно видлива од поодалеку. На лице место имаше откопано повеќе простории кои комуницираат меѓу себе. Дел од ѕидовите се разрушени а дел се оставени без да бидат уништени. Насекаде има расфрлано градежна керамика, доцноантички тегули и делови од питоси. На овој простор немаше фина трпезна керамика. Не може да се каже точно карактерот на објектите кои што се на овој простор.









**Прибошовец 3 –** се наоѓа источно веднаш до Прибошовец 2 и тој како и останатите е раскопан од дивите копачи. На овој простор се наоѓа многу значајна појава која што за жал е уништена од несовесните граѓани. Се работи за архитектонски објект кој што има вградено ниша или арка изградена од печена земја најверојатно специјално правена за овој дел. Се следи закривувањето каде што почнува да прави лак но горниот дел како и едната вертикална страна целосно се расурени. Останата е само едната нога или столб а другата ја има сосем малку во долниот дел во висина од околу 40 см.

Внатре во јама која што беше направена од дивите копачи немаше никаква керамика додека во надворешниот дел се забележува раскршената керамика која што била дел од нишата или арката.









Надворешниот дел е со соголени ѕидови сега веќе еродирани кон источната страна бидејќи претставува падина малку пострмна од останатата околина. Може да се забележи трпезна керамика како и голема количина на тегули и огромни купишта на камења останати од уништувањето на локалитетот.

Дека се работи за значаен објект покажува и тоа што со копањето дивите копачи стигнале до длсбочина од 2 м и ѕидот во целост без никаков прекин стои на целата висина. Ова зборува за целовитоста на објектот и колку многу податоци ќе се добијат доколку на оваа локација се извршат археолошки истражувања.



**Римска гробница –** се наоѓа северно веднаш до Прибошовец 2 и таа како и останатите локации е цел на дивите ископувачи. Со ориентација исток запад се работи за гробница која што одговара на ѕиданите гробници од доцноримскиот период во Македонија. Градена е од камени блокови убаво обработени некои од нив најверојатно се со секундарна употреба вградени во оваа гробница. На некои од камењата има траги од обработка а некои биле спремани за расцепување на кои што се видливи траги од таквата активност






**Голема Лопатица** – се наоѓа на 1,5 км североисточно од селото Вешје и е рид кој што највисоката точка му е на југоисток и благо се спушта на северозапад. Има неправилна триаголна форма терасесто поделена. Се работи за ново откриен локалитет на кој што има бедем најверојатно од доцноантичкиот период. Денес тој е разлеан но стои во висина и до 1,5 м. До пред 40 години на овој простор имало посадено рж и голем дел од камењата кои што биле расфрлани по теренот сега се нафрлани врз бедемот. Се наоѓа на највисоката точка на ридот а го има само од северната страна. Затвора триаголна површина која што од исток и од запад е со стрмни страни па тука и нема потреба од одбранбен бедем. Северната страна е блага падина и затоа е и заштитувана со одбранбен ѕид а понатаму северно има уште еден бедем подолг од најгорниот.  На површината има остатоци од градежна керамика и делови од питос  а во пониските слоеви од теренот се забележуваат фрагменти од фина трпезна керамика. Денес целиот терен е зашумен со низок даб (прнар) кој што оневозможува да се види што има на површината на теренот.

На катастарскиот план се наоѓа на парцелата со број 127/1








**Ракита Црква – Св Димитрија** опишана е како некропола од римско време а се работи за реонот каде што денес е црквата посветена на Св Димитрија. Откриени биле повеќе надгробни споменици кои што денес нивните елементи се вѕидани во ѕидовите на самата црква. Биле видливи но поради тоа што денес црквата е со малтерисана фасада и варосана не можеме да ги видиме. Сепак и покрај тоа на влезот од црквата стојат вѕидани камени споменици како и база од столб.

На катастарскиот план се наоѓа на парцелата со број 965










***Tabula ansata во манастирот Св.Димитрија с.Вешје***

Внатре во самата црква се наоѓа камена стела со грчко писмо вметнато во tabula ansata.

**Ракита чешма –** ова е чешма која се наоѓа 300 м јужно од црквата Св Димитрија. Конструкцијата на самата чешма е изградена од рачно изработени камени блокови кои биле извадени најверојатно од некој урнат храм и искористени за конструкцијата на чешмата. На неа се видливи и четири камени корита. Во литературата се спомнува и надгробна плоча од гнајс со грчки натпис[84] но на лице место нема таква плоча. Не е наведено ниту тоа каде се наоѓа денес.

На катастарскиот план се наоѓа на парцелата со број 1645





[84] Ж. Винчиќ, 1996, 46

**Св Недела –** се наоѓа на 200 м југоисточно од селото. Има нова икона од Св Недела а името е највероватно од постарата црква која што била тука. На самата локација има архитектонска камена пластика од храм од римскиот период. Се работи за фронтон чија што долна страна е свртена кон црквата и на касетите има изгравирано розета.[85]. Уште еден фронтон има кој што служи како постамент на иконата а на неговиот централен дел има исто така изгравирано стилизирана розета. Денес на тоа место се палат свеќи.

Веднаш до овие елементи како и на самиот простор меѓу нив има траги од нелегални ископувања. Така денес се видливи ѕидовите на црквата и за жал доста голем дел е уништен од истата.

Во склоп на овој терен источно од раскопаната црква има лозје од каде што пред дваесетина години бил изваден мермерен елемент со претстава на коњаник а позади него имало куче. Од истата нива била изваден од камен изработен архитектонски елемент  кој што не го однеле во селото од технички причини и денес стои таму. На терен има расфрлано остатоци од градежна и трпезна керамика

На катастарскиот план се наоѓа на парцелите со број 1174 од каде е извадена претставата на коњаник со куче позади него и парцелите 1175, 1643





**Селиште –** Се наоѓа на околу 800м југозападно од Св Недела на една блага падина отворена кон западната страна. Локалитетот е евидентиран од 1985 г од страна на Проф. Виктор Лилчиќ[86]. На ова место тој наоѓа остатоци од

[85] В. Лилчиќ, 2001, 313
[86] К. Филиповска – В.  Лилчиќ, 2007

камена пластика најверојатно од некој храм или споменик а подоцна на ова место била изградена црква посветена на Св. Никола. Можно е камената пластика што се наоѓа во Св Недела да била донесена од тука.

Во текот на 2007 г се почнати првите археолошки ископувања на овој локалитет од страна на екипа на музеј на град Неготино. Биле отворени две сонди со што се открила внатрешноста на објектот. Во горните слоеви биле откриени керамиди од т.н средновековен турски формат а во подолните слоеви керамиди од античкиот период. Била откриена и една монета а и керамида со натпис Св. Никола како и делови од црепни и глеѓосана ќерамика[87]. Од сево ова ставена е датација во 13 век. На истиот овој локалитет во 2009 год беа продолжени ископувањата од страна на Проф. др Антонио Јакимовски и беше дооткриен останатиот дел од црквата. Откриена е олтарната преграда како и целиот останат простор[88].

На катастарскиот план се наоѓа на парцелата со број 1244





**Чешма –** на сред село има две чешми кои што во нивните конструкции имаат рачно обработени камени блокови. Можно е да се работи за делови донесени од некој храм[89] а дали се работи за елементи од веќе постоечкиот храм од Селиште или се работи за некој друг храм не е познато.

[87] К. Филиповска - В. Лилчиќ, 2007
[88] А. Јакимовски, 2009
[89] В. Лилчиќ, 2001, 313

Запишано е дека имало населба и топилница од римско време. Во селото околу чешмата и во околните куќи биле откриени траги од топена железна руда како и монети кои се чуваат во Музеј на Македонија[90].

На катастарскиот план се наоѓаат на парцелите со број 507, 511





**Св Илија –** претставува црква која што е создадена во 1873 г. и се наоѓа на 300 м југозападно од селото. На повеќе тераси од околината на црквата се најдени керамички фрагменти од римскиот период. Од овој локалитет имало и заветен натпис посветен на Зевс Ипсистос[91]. Овој податок го потврдува и В.Битракова Грозданова без притоа да ја посочи локацијата на наоѓање туку само објаснува дека е од с.Вешје[92].

Денес на околниот терен не се видливи остатоци од населба или пак остатоци од римска керамика. Стои само црквата која што е речиси целосно разрушена а од она што е останато на ѕидовите сеуште се видливи фреските.

На катастарскиот план се наоѓа на парцелите со број 1, 680





[90] А. Керамитчиев, 1996, 225
[91] Ж. Винчиќ, 1996, 46
[92] В. Битракова - Грозданова, 1999, 210, 240

**Средорок –** постои како област во околината на с.Вешје но на опишаната локација 2км северно од селото[93] не успеав да најдам било какви површински елемети кои ќе ни ја потврдат оваа локација. Ова можеби се должи на фактот што земјата е обработувана и е невозможно нешто да се види.

## Војшанци

**Градиште, Промет –** претставува утврдена населба од хеленистичко и римско време[94]. Се наоѓа југоисточно од центарот на селото на самиот влез т.е на ридот Промет. Имал површина од 2,5 ха а на источниот дел од локалитетот видлив е бедем кој што е насипан од самиот терен бидејќи природно е бранета од три страни со стрмните падини. Ровот кој што е на источната страна е ископан и земјата е нафрлана за заштита. Висок е околу 7 метри а ѕидот кој што бил одбранбен бил широк 2 метри и врз него е насипана земјата. Бил видлив темелот на ѕидот што денес не е случај. Горе е широк и до 7 метри благодарение на насипаната земја.




***цртежот е превземен од И. Микулчиќ, 1984***

[93] Ж. Винчиќ, 1996, 47

[94] М. Ивановски, 1996, 225

Пред повеќе од еден и пол век австрискиот конзул Ј.Г. Хан го посетил Промет и забележал: акропола, градежна керамика, торзо од искршена гола човечка статуа од бел мермер во природна големина[95]. Најден бил и барелјеф со претстава на орел и еден саркофаг со груба изработка. Саркофагот можно е да е најден источно во рамнината а доста веројатно е дека таму имало некропола со оглед на тоа што селаните ваделе камени плочи од гробови од самиот терен.





На катастарскиот план се наоѓа на парцелата со број 779/1

**Маркова Нога –** претставува локалитет кој што се наоѓа на левата страна од патот кон с.Бистренци. Се наоѓа на едно високо зарамнето плато денес обработувано со житни култури со отворена југозападна страна кон долината на реката Вардар.

Се работи за локалитет кој што според наодите се става во доцноантичкиот период и зафаќа голема површина. Не сум во можност да ја утврдам големината на локалитетот поради обработувањето на земјата но според откриените наоди се работи за локалитет со населбински карактер. За ова говорат и неколкуте откриени фрагменти од складишни садови – питоси кои се наоѓаат на површината на теренот.

Од фината керамика имаше само неколку фрагменти од кои што не можеме да извлечеме поточен податок.

[95] И. Микулчиќ, 1984, 11













На површината на овој локалитет најдов и праисториска т.е складишна керамика од бронзеното време. Се работи за сад со карактеристични рачки само за овој период. Овие делови од садот најверојатно се извадени со

орањето на земјата. Од страна на сопственикот за среќа се тргнати на самата меѓа на нивата.

Иако овој локалитет се води во с.Војшанци според катастарскиот план припаѓа на с.Бистренци кој што денес со новата децентрализација влегува во состав на општина Демир Капија

На катастарскиот план се наоѓа на парцелата со број 93/1 над Липска река.

**Утрина –** запишано е во археолошката карта на Р.Македонија дека се работи за населба и некропола од раноантичко време. Според дадениот опис се наоѓа на источниот раб на селото кој претставува дел од левиот брег на Брусничка река[96]. Биле најдени фрагменти од керамички садови од кои имало и импортирана грчка керамика. На јужната страна во подножјето имало гробови од типот циста.

Според гореопишаната местоположба по повеќекратно навраќање на овој терен не успеав да ја лоцирам точната местоположба на овој локалитет. Пределот кој што се вика Утрина се наоѓа на 1 км североисточно од селото и е распостелен помеѓу двата брега на Солена река. Се работи за мал поток кој што нема постојано вода туку само во одредени периоди од годината и од него извира солена вода. Во останатата околина на областа Утрина немаше никакви површински елементи кои што ќе не упатат на постоење на некаков локалитет. И покрај неколкуте кандидати кои што беа места со одговарачка позиција за раноантички локалитети немаше никакви пронајдоци.

По рекогносцирањето на ридестиот предел се истражуваше и покрај самиот лев брег на Брусничка река во рамниот дел каде што и таму немаше никакви површински остатоци кои што ќе ни наговестат за некаков локалитет. Помислувајќи дека можеби се работи за грешка запишана местоположба дека е запишана левата наместо десната страна изврших и рекогносцирање и на десната страна на брегот на Брусничка река. Таму има предел кој што се вика Рудина но и таму немаше никакви показатели за некаков локалитет.

---

[96] Н. Вулич, 1938, И. Микулчиќ, 1984.

Останува отворено прашањето за тоа каде се наоѓа овој локалитет. Можеби да се има направено некаква забуна во однос на местоположбата. Живојин Винчиќ за сите три локалитети кои што се спомнати дава ист опис[97] иако се работи за различни местоположби.

## Горни Дисан

**Градот –** познат во науката од поодамна но за прв пат археолошки истражуван во 2017г, од страна на екипи на археолошкиот музеј во Скопје и музеј на град Неготино. Во археолошката карта на Македонија е заведен како опидум од доцноантичко време[98] а во текот на 2017 беше спроведено контролно сондажно археолошко истражување за утврдување на карактерот, границите и хронологијата на наоѓалиштето.

На површината на локалитетот се гледа дел од доцноантичкиот бедем кој што се наоѓа на јужната страна од рамното плато на кое се наоѓа локалитетот. На јужниот крај на бедемот е отворена сонда каде што се наоѓа кула која што со археолошките ископувања во 2017 г. е откриена[99] а дооткриен е бедемот и кон северната страна. И кулата и бедемот се изработени од обработен камен поврзан со малтер а со просечна ширина на бедемот од околу 1,4м. Јужната кула е со неправилна квадратна основа и е прилепена на југозападната страна на бедемот.





[97] Ж. Винчиќ, 1996, 48
[98] Г. Микулчиќ, 1996, 225
[99] К. Филиповска, 2017

Втората сонда што е направена се наоѓа на југоисточниот дел од платото каде што е откриена друга кула која што е помалку зачувана од првата и дел од бедемот. На површината се видливи остатоци од доцноантичка керамика најмногу градежна и делови од складишна.





Отпочната е и трета сонда но таму само се има констатирано само ширината на бедемот и не е продолжено со нејзино понатамошно ископување најверoватно поради временските прилики или заштеда на време во однос на четвртата сонда.

На источната страна на локалитетот е откриена најверојатно ранохристијанска базилика. На западната страна на објектот е откриен влезот со две скалила и две бази за столбови. На северната страна на објектот е откриена колонада со постаменти за пет столба и ѕидот што ја затвара базиликата која што најверојатно била три корабна.





За забележување е тоа што иако овој локалитет се прикажува како да припаѓа во Горни Дисан според катастарските планови овој локалитет припаѓа на с.Вешје.

На катастарскиот план се наоѓа на парцелите со број 216/1, 223, 224

**Влашки пат –** поимот го претставува самиот пат кој што води кон археолошкиот локалитет Градот.

Локалитетот се наоѓа во поголем дел на левата страна од патот во месноста викана Цуцка а има дел од истиот и на десната страна од патот. На површина од лозови насади се наоѓаат фрагменти од градежна доцноантичка керамика и трпезна доцноантичка и рана средновековна керамика. На десниот дел од патот се наоѓаат исто така доста керамички фрагменти но овој дел не е скоро обработуван со земјоделски активности. Целиот локалитет зафаќа поголема површина и е високо над селото со отворен поглед кон Вешки дол.





Овој локалитет се наоѓа на парцелите со број 764, 765, 766/1, 766/2, 1566

**Подолу од Влашки пат –** Се наоѓа на десната страна од патот што води кон локалитетот Градот пред локалитетот Влашки пат. На една зарамнета нива со лозов насад на површината има доста голем број на фрагменти од керамика како градежна така и трпезна. Претставува новоткриен локалитет кој што според наодите не сум во можност да го одредам карактерот на истиот.

 

Овој локалитет се наоѓа на парцелите со број 1460, 1461, 1462/1, 1462/2

**Локвите –** претставува област која што е доста голема и се простира помеѓу селото Горни Дисан и патот за с.Вешје. Запишано е дека се работи за некропола од римско време а во минатото од ова место била извадена римска надгробна стела која е сместена во лапидариумот во музеј на Македонија[100]. Според дадениот опис 1,5 км североисточно од селото во нивата на С.Донев немаше конкретни елементи што ќе не наведат да помислиме дека на оваа локација имало некропола од римскиот период.

На лице место немаше никакви индиции за некаква некропола со оглед на фактот што времето од нејзиното откривање до сега е доста години поминато па така земјата е обработувана а со тоа се загубени дополнителните информации. Барајќи ја оваа некропола открив друг локалитет нов досега непознат за јавноста.

**Мрдање, Мрдањето –** на мал дел од крајот на ридот каде што завршува реонот на Локвите на лозов насад забележав доцноантичка градежна керамика, дел од питос како и фина трпезна керамика. Формира шпицеста форма со отворена страна кон север и се наоѓа североисточно од с.Горни Дисан. Не верувам дека се работи за населба бидејќи површината е доста мала но можеби се работи за некаков поголем објект со стопански карактер. Се работи за новоткриен локалитет во овој регион.

На катастарскиот план се наоѓа на парцелата со број 474, 475, 476, 477

[100] М. Ивановски, 1996, 226



**Над селото –** се наоѓа на левата страна од патот што води за с.Вешје, на една нива со лозови насади на највисокиот дел се среќаваат фрагменти од градежна керамика како тегули и имбрекси од доцноантичкиот и можеби и средновековниот период. Оддалечен е од селото на 300 метри.





Овој локалитет се наоѓа на парцелата со број 832

Од непознат локалитет од с.Горни Дисан од страна на Никола Вулич се објавени надгробни споменици денес сместени во Куршумли Ан во Скопје.






. . . . . Κλ[εο]-
νείκῃ Ζωΐλου [καὶ]
Μακεδόνι τῷ υἱῷ
καὶ ἑαυτῷ ἐποίησεν
ζῶς μνήμης ἕνεκον
Ἥρωες χαιρετε χαῖρε
καὶ σὺ τίσποτε

Првиот е цртеж кој што прикажува фронтон а во едикулата се наоѓа копје, срп и диптих[101]. Второто е откршена надгробна плоча со tabula ansata со текст[102].





Третата плоча е направена од бел мрамор со релјефна претстава на трнокоп и уште некоја слика. Има и диптих со изгравиран текст. Четвртата претставува одкршок од надгробна плоча, не е цела а на неа се гледа текст во три реда.

## Долни Дисан

**Белград –** Населба, некропола и храм од римскиот период[103]. Се наоѓа на 3,5 км западно од с. Долни Дисан и дел од оваа месност влегува во состав на Кавадаречката општина. Со длабоко орање за потребите на агрокомбинатот Тиквеш била откриена некропола со приближна должина од 100м и ширина од околу 40м. Биле извадени тегули од гробови на две води и дваесетина надгробни споменици[104]. Датирани се од I до IV век н.е

Од локалитетот со текот на времето е загубен доста матрејал т.е однесен е во приватни куќи. Биле извадени питоси, вотивна плоча со претстава на Хера, Хеката, Дионис и Херакле[105]. Била изведена и поголема количина на

[101] Н. Вулич, 1948, 98 ,.119
[102] Ibid.
[103] Централен регистар за недвижни споменици на културата, 362
[104] М. Ивановски, 1996, 230
[105] Ж. Винчиќ, 1996, 61

архитектинска  и сепулкрална пластика. Од овој локалитет има регистрирано една светилка од т.н македонски тип на светилки од тип А[106].

Најверојатно е дека на овој локалитет егзистирал викус со некропола и храм од II и III век. Според некои истражувачи дел од камените надгробни споменици со натпис кои се заведени дека се од Кавадарци а се извадени и однесени по музеите од страна на Вулич. Н. Можно е да се од овој локалитет со оглед на тоа што Кавадаречката општина се граничи со самиот локалитет а во непосредна близина е и локалитетот Градиште кај с.Глишиќ.

Голема е веројатноста и жителите на Градиштето од с.Глишиќ да го користеле истиот простор за некропола. Се работи за локалитет кој што егзистирал и во римскиот период па така можно е да се користела некрополата од двете заедници кои што живееле на близок простор

Населбата на Белград се наоѓа на височинката денес посадена со борова шума.

На катастарскиот план се наоѓа на парцелите со броеви 1564, 1567, 1568/1, 1569





***поглед кон населбата***　　　　***поглед кон некрополата***

**Бугарови грамади –** наречено е местото според Алија Бугаров турчин кој што живеел во селото а потоа се отселил во Истанбул. Денешните сопственици  ја имаат купено нивата од него и денес е засадена со лозов насад. Во АКРМ се води како локалитет под името Грамади[107]. Се работи за голема површина над 3,5 ха и е во подножјето на планината над селото Долни

---

[106] А. Јакимовски, 2012, 76, кат.бр 89

[107] М. Ивановски, 1996, 230

Дисан. Овој локалитет се наоѓа веднаш наспроти споменикот на патот за Горни Дисан со отворена страна на север. На површината има огромен број на градежна и трпезна керамика, делови од мелници, керамички тегови, делови од питоси и сл. Од овој локалитет досега се извадени мермерни плочи со натписи и голем број хеленистички, римски и доцноантички монети. Монетите се чуваат во музеј на Македонија во Скопје. Според кажувањето на денешниот сопственик имало ѕидови дебели до 1м кои што биле разрушени со орањето на земјата. Имал извадено и питос со длабочина до 2м









Од овој локалитет забележани се повеќе ранoримски надгробни стели, и гробна едикула. Откриена е камена пластика чии што елементи се наоѓаат во музејот во Неготино[108].

Иако досега се води како локалитет кој што припаѓа во с. Долни Дисан според катастарскиот план тој се наоѓа на територијата на с. Горни Дисан

Овој локалитет на катастарскиот план се наоѓа на парцелите со броевите 143/1, 145/2, 147, 148, 149, 155, 159, 160, 161

**Бунарот –** станува збор за новоткриен локалитет. На овој простор секаде е обработувана земјата за лозови насади и благодарение на тоа на површината

[108] В. Лилчиќ, 2001, 345

се видливи остатоци од керамички производи. Се наоѓа на левата страна од патот за с.Тремник или на 1,5 км североисточно од с.Долни Дисан. На лице место е пронајдена сиво печена керамика работена на колце најверојатно од локална продукција, делови од рачки и ободи од сад. Зафаќа површина од 0,5 хектари




Овој локалитет на катастарскиот план се наоѓа на парцелите со број 606, 607/1, 607/2, 607/3, 607/4

**Ѕидан водовод –** веднаш над селото на неговата југозападна страна блиску до фудбалското игралиште се наоѓа остаток од ѕидан водовод. При проширување на патот кој што е земјен во профилот е откриен овој дел од водоводот кој што се гледа во должина од 50 см. Не знаеме дали продолжува понатаму во земјата или е само парче откршено и откриено на овој простор. Поради заштита негова после документирањето беше затрупан со земја. Во понатамошна обработка на овој терен би можело да се направи некакво истражување во врска со овој водовод.

Изработен е од долги рачно обработени камени блокови и покриен е т.е затворен е од горната страна. Спојуван е со варов малтер кој што јасно се геда од надворешната страна на водоводот. Ширината на коритото изнесува 20 см а висината на структурата изнесува 25 см. Вкупната ширина е 40 см.






**Ќофкарец –** од овој локалитет најден е осамен наод од римскиот период. Во 1952 год во нива е откриена надгробна плоча со грчки натпис. Плочата денес се наоѓа во Музеј на Македонија во Скопје[109]. Она што е непрецизирано за овој локалитет е локацијата на наоѓањето на овој наод а самото тоа претставува проблем бидејќи се работи за голема површина наседана со лозови насади.

**Керамички водовод –** се наоѓа во непосредна близина на ѕиданиот водовод но на спротивниот профил од патот се гледа остатокот од него. Има внатрешна ширина на отворот од 6см и надворешна од 9см. Претставува показател за тоа дека на овој простор во околината на с.Долни Дисан постоела урбанизирана заедница која што ги следела тогашните модерни текови на живеење.





[109] Б. Јосифовска, 1953, 230

**Двата гроба –** според археолошката карта на Македонија станува збор за една локација. Според мештаните се работи за друга локација. Без да навлегуваме во тоа која позиција е точна може да кажеме дека се работи за отворена гробница од дивите копачи ѕидана со надгробни споменици секундарно употребени во конструкцијата на гробницата. Тоа се камени надгробни стели од доцноримскиот период а на површината лежат расфрлани делови од други надгробни стели кои што се искршени.

Гробницата има ориентација И/З и е раскопана од дивите копачи. Скриена од погледот на луѓето се наоѓа помеѓу селата Долни и Горни Дисан но на страната што гледа кон с.Тремник. Во самата гробница биле вметнати т.е секундарно искористени 3 камени стели со текст и со издлабен квадрат tabula ansata кој што често се појавува кај овој тип на надгробни споменици.

Едната стела која што лежи на дното од гробницата и е дел од првиот ред припаѓа на групата на таканаречените тиквешки или кавадаречки тип на надгробни стели.

Оваа стела во нејзиниот горен дел странично ја има претставата на иглолисно дрво кое е стилизирано со нагоре искосени гранки. Ваквата претстава на прикажаното дрво се смета дека води потекло од античко медитеранските религии и митологии[110]. Веднаш до него се наоѓа правоаголен вертикален стожер со триаголно проширување во основата и сноп од четири стрелки кои што во вид на зраци се шират на врвот.

Според Никос Чаусидис овој елемент може да се идентификува со “столбот на светлината” кој што според манихејскиот основен мит се одвива прочистувањето на светлината заробена во материјата[111].

---

[110] Н. Чаусидис, 2003, 50

[111] Ibid, 39

 

 

Веднаш до него се наоѓа “гранче со топчест плод”. Од досега откриените претстави секаде се застапени во пар[112] но во овој случај не е доволно одголена камената плоча за да се види дали и во овој случај е така. Ваквата претстава некои од проучувачите ја карактеризираат како афионова чашка а други дека ја претставува калинката[113]. Во манихејското учење како и во симболиката на блискоисточните и медитерански учења калинката е таа која што се поврзува со феноменот на животот и смртта[114].

Во средината се наоѓа круг во кој што најверојатно е дека има впишано розета или само мал апликативен кружен мотив. Сепак сметам дека е розета според приказите на досегашните примери од другите претстави на истиот тип стели. Оваа претстава наведува на неколку можни значења на кругот и тоа: сонце, тркало за цепење на душите, круг на последователни реинкарнации и топка на темнината[115].

Во долниот дел од камената стела има текст впишан во квадрат. Текстот е напишан со грчко писмо и е во осум реда. Се надевам дека со преводот на

[112] Ibid, 55
[113] Ibid
[114] Ibid, 57
[115] Ibid, 58, 59, 61

текстот и во консултација со епиграфичар ќе дознаеме за што е напишано во текстот



На челната страна од гробницата се наоѓа камена стела со текст вметнат во tabula ansata или табла со рачки[116]. На овој споменик се наоѓа текст со грчко писмо испишан во четири реда. Најверователно е дека еден дел од плочата е откршен или бил зарамнуван кога бил ставен во секундарна употреба.



Третата плоча која што е вметната во оваа гробница припаѓа на под тип од групата на кавадаречки тип на надгробни стели. Содржи арка која што е најзастапен мотив во ваквите типови на стели. Од двете познати варијанти на

[116] The Oxford Dictionary of Byzantium, 2005

арки кои што се прикажуваат во нашиот случај се работи за поедноставната варијанта.



Арката е формирана од единствен полукружно свиен елемент кој што нема декорации, расчленувања и сл. Во повеќето случаи арката се јавува во долното поле на споменикот. Во овој случај таа се наоѓа на горната страна и спаѓа во подтип од групата на ваквите споменици[117] Ваквиот приказ на арката го прикажува небескиот карактер бидејќи горната зона коренсподира со небеските простории[118]. Веднаш под арката се наоѓа впишан квадрат но тој е празен нема никакви знаци или текст.

Хаотичната состојба затекната на теренот даде на површината искршени надгробни споменици и тоа најмалку уште два регистрирани на лице место. Деструктивните дејства на нелегалните ископувачи засекогаш ги загубиле податоците за оваа гробница. Според моето мислење и овие стели биле во

[117] За описот на ваквите подтипови и варијантите види кај Н Чаусидис, 2003, 73
[118] Н. Чаусидис, 2003, 75

секундарна употреба за самата гробница користени како градежен матрејал.






Во подолниот дел од оваа локација најдени се камени елементи од споменик т.е едикули од тиквешки тип кои се пренесени во Неготино[119].

На катастарскиот план се наоѓа на парцелата со број 2866

**Камена куќа –** се наоѓа веднаш до месноста Бунарот на 200 м северно од овој локалитет и е голема површина денес посадена со житни култури. На теренот има една куќа изградена од камен па така името и го дадов според камената куќа. На површината на теренот се гледаат остатоци од фрагментирана керамика на поголема површина но само на почетокот од страната на патот. Во останатиот дел од земјата немаше керамички фрагменти. За што станува збор неможе да се каже, но моја претпоставка е дека се работи можеби за полски имот

На катастарскиот план се наоѓа на парцелата со број 645/2

[119] В. Лилчиќ, 2001, 347




**Мала камена куќа –** на само 250 метри источно од камена куќа се наоѓа изградена мала камена куќа на десната страна од патот за с.Тремник. На обработената земја на површината се наоѓаат остатоци од керамички садови, делови од рачки и сл. Можно е да се работи за полски имот слично како и во претходниот случај

На катастарскиот план се наоѓа на парцелата со број 630




**Кочеви грамади –** според археолошката карта на овој локалитет имало храм и некропола од римско време[120]. Се наоѓа на 2 км источно од селото а во 1994 при орање на земјата биле откриени десетина надгробни споменици и делови од монументален објект. Откриени се монети од времето на римскиот император Каракала што го датира овој локалитет во III век н.е

**Локалитет над Василова чешма –** се наоѓа југозападно од селото во подножјето на планината над с.Долни Дисан. Во профилот на патот се забележуваат остатоци од ѕидови коишто стојат цели во висина од околу 1,5 м. Самиот локалитет претставува рамнина која што благо се спушта кон селото а е терасесто поделена. На површината на локалитетот се забележуваат остатоци од градежна доцноантичка керамика. Целиот простор во минатото

[120] М. Ивановски, 1996, 230

бил обработуван со земјоделски активности па затоа огромна камена маса се забележува на површината. Во таквата ситуација се наоѓаат огромен број на керамички фрагменти најмногу од тегули и питоси кои и најчесто се наоѓаат на површината на локалитетите

Доказ за одличните услови за живот е присуството на вода на овој простор. Присутни се керамички водоводи малку подолу од овој локалитет а веднаш под локалитетот има изградено чешма на која што има вметнато камени елементи најверојатно донесени од овој локалитет или од негова близина. Оваа чешма и ден денес се користи од страна на жителите





Во профилот на делот каде што се забележуваат остатоците од ѕидот видлив е културен слој а можно е да се работи и за подното ниво на делот од овој објект. На површината се забележани и остатоци од архитектонска камена пластика.





На катастарскиот план се наоѓа на парцелите со броевите 2291, 2292, 2293, 2294

**Над куќата со знаме –** Се наоѓа во непосредна близина јужно над селото во близина на локалитетот Василова чешма. Теренот е зарамнет лесно пристапен и отворен од сите страни. Денес на површината на еден помал дел од овој рид има обработувано земја со лозов насад. Токму на овој предел се наоѓаат остатоци од доцноримска керамика. Фрагментирани делови од рачки, устиа на садови и питоси се расфрлани насекаде по обработената земја.

На лице место беа пронајдени и шајки и потковица од коњ како и фрагментирана градежна керамика

На катастарскиот план се наоѓа на парцелата со број 2087, 3829/1







**Водовод над куќата со знамето** – во непосредна близина на овој локалитет, на западното подножје се наоѓа остаток од керамички цевки за вода. Во профилот на патот кој што е користен за полесен пристап до лозовите насади случајно е раскопан дел од овој водовод.



Одголениот дел се прати во должина од 5м без прекин. При првата посета на ова место стоеше цел и не беше разрушен. Подоцна за жал со движење на добитокот по овој пат целиот беше во руинирана состојба. Истиот ваков дел од водовод со истата ширина на тубулисите беше и водоводот веднаш над фудбалското игралиште. Дали станува збор за истиот водоводен систем или се различни не може да се донесе заклучок во моментов.





**Водовод под василова чешма –** на патот кој што води до локалитетот Василова чешма на десниот профил во ситна песоклива земја се наоѓа остаток од цевки за вода. На висина од 1м од земјениот пат и со прилично голем наклон во правец кон селото. Овој се наоѓа на средината на двата останати водоводи градени од керамички матрејал. Како и во претходниот случај не би

можело да се донесе некаков поконкретен заклучок дали сите овие издтатоци од водоводни цевки биле поврзани заедно или се со различни системи на поврзување.





**Такрагина чешма –** се наоѓа на северниот крај на с.Долни Дисан на левата страна од патот кон Неготино на терасести зарамнати ниви на површината се наоѓаат остатоци од фрагментирани керамички предмети. Наодите припаѓаат на доцноантичкиот период а според положбата најверојатно е дека станува дел од населбата која што егзистирала на овој простор во доцната антика, средниот век и отоманскиот период.

Нема поконкретни податоци за овој локалитет освен тоа што најверователно името го добил според чешмата во непосредна близина со пивка вода за пиење

На катастарскиот план се наоѓа на парцелите со број 1964, 1965, 1971, 1972/1, 1972/2





**Локалитет над мастодонот –** во непосредна близина на локацијата каде што беа најдени фосилни остатоци од мастодон се наоѓа археолошки локалитет. На зарамнето плато со позиција како населба од градишки тип на површината се наоѓаат остатоци од керамички фрагменти. Сите остатоци се нафрланиво камената маса која што е собирана т.е расчистувана заради обработка на земјата. Со неа во истиот куп лежи и керамичкиот матрејал кој што според формите и структурата припаѓа на доцноантичкиот период

На катастарскиот план се наоѓа на парцелите со број 1230, 1231, 1240





Од непознати локации од с.Долни Дисан се откриени камени надгробни споменици од страна на Никола Вулич. Денес се наоѓаат во Куршумли Ан во Скопје.





На првиот цртеж се гледа дека е урна за пепел од гнајс[121] Напишано е дека е најдена помеѓу Долни Дисан и Кавадарци и веројатно потекнува од некрополата на локалитетот “Белград”. На втората плоча е откршен еден дел и изработена е од бел мрамор[122]. Има претстава на три лица од кои две стојат а едното лице седи. Тоа е жена а претставен е и стол или маса со три нозе.



Третиот камен е откршен од надгробната плоча и има впишан текст

**Падарница –** откриен е покрив на едикула од тиквешки тип кој што денес се наоѓа во музејот во Неготино[123]. Различни се описите за тоа на која локација се наоѓа оваа месност па затоа нема да можеме да ја одредиме на карта.

### Калањево

**Градиште –** претставува населба од доцноантичко време[124]. Се наоѓа на највисокиот дел на планината над селото Калањево на природно рамна површина.

На површината се среќаваат фрагментирани остатоци од градежна ќерамика, делови од питоси и сл. На јужната страна се откриени гробови од типот на циста со камени плочи

Опишаната позиција на катастарската мапа припаѓа на с.Липа и се наоѓа на парцела со број 3. При посета на ова локација не се најдоа остатоци од

[121] Н. Вулич, 1941-1948, 98, 123
[122] Ibid.
[123] В. Лилчиќ, 2001, 349
[124] М. Ивановски, 1996, 232

гореопишаната состојба а со тоа не можеше да се потврди позицијата на локалитетот од ваквата состојба.

**Падината –** се наоѓа западно веднаш до селото и претставува средновековна населба и некропола[125]. Констатирани се гробни конструкции од камења како и фрагменти од градежна керамика.

**Чичан тарла –** Помала населба од доцната антика. Се наоѓа северно од селото Калањево на околу 7км во областа Долни промет на предел кој што во близина има река.

**Криволак**

**Брест –** во археолошката карта на Македонија е запишано дека се работи за населба и некропола од доцноантичко време[126]. Се наоѓал на околу 3 км северно од селото Криволак  и биле констатирани гробови со камена конструкција од типот циста. Во близина на гробовите биле најдени  фрагменти од керамички садови и голем број на градежен матрејал.

Денес овој локалитет според описот даден погоре влегува во состав на военииот полигон Криволак. За време на обработката на овој труд на полигонот се одвиваа меѓународни воени вежби и не беше можно да се посети опишаната локација. Оставаме простор во некој нареден период овој локалитет да се посети.

**Гробишта –** се работи за средновековна некропола која што се наоѓа веднаш на влезот од селото на левата страна. Во 1972 год при изградба на патот биле откриени гробови од камени конструкции со правец исток – запад[127]. Тоа се камени плочи од сив локален туф и нивните конструкции се јавуваат на 0,50м под површината на теренот[128]. Во непосредна близина на оваа локација денес се наоѓа црква а од горе опишаната состојба денес нема никакви знаци дека на тоа место постоела средновековна некропола.

---

[125] Ibid.
[126] Ibid, 233
[127] Ibid.
[128] Е. Манева, 1992, 166

Наодите од овој локалитет се чуваат во Музеј на град Неготино а откриени се: бронзена наушница и неколу бронзени прстени[129].

Овој локалитет се наоѓа на катастарската парцела со број 2508

**Тошова лака –** со ваков назив во реонот на селото Криволак има две места. Ова се наоѓа веднаш на влезот од селото на источната страна на десното корито на реката Вардар. Во археолошката карта на Македонија е опишано дека се наоѓа помеѓу асфалтниот пат и железничката пруга[130] што е и потврдено на лице место.  На ова место биле најдени гробови од камени плочи со ориентација исток – запад. Денес на површината на теренот кој што е засаден со лозов насад се наоѓаат фрагменти од керамика, рачки, делови од питоси и сл.

Овој локалитет е означен со катастарски број 2501/1, 2502/2, 2520





**Чифлик –** и овој локалитет како и Брест не бев во можност да го посетам и документирам поради гореопишаната ситуација. Според археолошката карта на Македонија се наоѓа на 3,5км северно од селото Криволак. Констатирана е населба од доцно античко време каде што биле најдени фрагменти од керамички садови,  питоси и градежен матрејал[131].

## Курија

**Влакно –** се работи за праисториски локалитет. Се наоѓа на 500м западно од селото на местото каде што се наоѓа далновод кој што при негово поставување и е откриен локалитетот. Се работи за неолитски и бронзенодопски локалитет кој што е утврден според откриените керамички

[129] Е. Манева, 1992, 166
[130] М. Ивановски, 1996, 233
[131] Ibid, 234

наоди сместени во Музеј на град Неготино[132]. Денес на површината на оваа локација нема остатоци од движен керамички матрејал.





Овој локалитет се наоѓа на катастарска парцела со број 1631

**Над влакно –** се наоѓа во продолжение на далноводите кои што одат кон градот Неготино поточна на највисокиот дел од ридот кој што е на југозападната страна на влезот на с.Курија. На самата површина се наоѓаат фрагменти од керамика кои што се со груба фактура и со нееднакво печење. Не бев во можност да ја утврдам нивната временска припадност

Овој локалитет се наоѓа на катастарска парцела со број 1221/1.



**Манастириште –** локалитет од римскиот период. Во близина на местото каде што некогаш постоела воденица сместена на левиот брег на Луда Мара се наоѓаат фрагменти од керамика кои што припаѓаат на римскиот период. Во

[132] Ibid.

Археолошката карта на Македонија е заведено дека се работи за населба од римскиот период[133].

Овој локалитет се наоѓа на катастарска парцела со број 452/1, 452/3









**Оградиште –** заведена е како населба од Римско време која што се наоѓа на североисточниот раб на селото. Биле најдени делови од керамички садови, питоси, градежен матрејал и делови од архитектонска пластика[134]. Од досегашната анализа на теренот не успеав да го лоцирам овој локалитет веројатно поради обработената земја.

[133] Ibid.
[134] Ibid.

## Липа

**Градиште –** се наоѓа јужно од селото во правец кон с.Бистренци со особено добра позиција за одбрана од напад има остатоци од темели од фортификација од варов малтер и фрагментиран керамички матрејал.

**Гробови северно од Липа** – на околу 800 метри северно од селото на еден соголен терен без вегетација со песоклива земја која што е карактеристична само за тој дел од теренот најдов гробови од типот циста. Се работи за 6 гроба кои што се откопани од страна на дивите копачи и останати се само нивните конструкции и тоа четири делумно се зачувани и два гроба со многу малку остатоци од конструкцијата. Освен еден фрагмент од керамички сад никаков друг матрејал немаше достапен на лице место.  Не би можело да се уврди од кој период е но на околината сигурно би имало уште гробови кои што можеби во некое истражување во иднина би се откриле и со тоа да се стави во хронолошки рамки и самата некропола

На катастарскиот план се наоѓа на парцелата со број 3 северно од селот






**Гробови јужно од липа –** веднаш на јужната страна од селото, десно од патот на рамен терен без вегетација открив некропола која што е раскопана од страна на дивите копачи. На површината покрај дупките останати се тегули со

кои што биле покривани мртвите. Највероватно е дека се работи за гробови кои се користени во доцноримскиот период 3-4 век н.е поради карактерот на гробовите. Освен 6 - те гробови со слободно вкопување и покривани со тегули највероватно на две води друга конструкција немаше на терен.

На катастарскиот план се наоѓа на парцелите со број 170, 174





**Чифлик –** се наоѓа во селото одма на самиот влез. Теренот е изоран а на лице место се гледаат фрагменти од керамика како складишна така и трпезна. Според керамиката се работи највероватно за средновековен можеби полски имот. На положбата каде што се наоѓа селото Липа не е досега регистриран некаков средновековен локалитет освен овој. Дали и во околината е слична ситуацијата ќе треба дополнително да се истражува.

На катастарскиот план се наоѓа на парцелите со број 178, 182, 183





**Црквата –** според мештаните на оваа локација имало црква. Разурната од страна на дивите копачи на лице место баеше оставен само мал дел од темелот на ѕид со ориентација североисток југозапад.  Имало и икона која што била оставена од страна на луѓето но и таа е украдена. Можно е на оваа локација да има и некакви архитектонски остатоци од населбински карактер а најмногу поради географската местоположба. Се наоѓа на највисокиот предел меѓу с.Липа и патот што води за с.Калањево, поточно по стариот пат за

с.Бистренци на десната страна или 1 км западно од Липа се наоѓа овој рид кој што поглед допира до автопатот на југ и Калањево на север

На катастарскиот план се наоѓа на парцелата со број 60/1





**Гробови на патот за Липа –** се наоѓа на патот што води за Липа и Калањево поточно пред да се сврте десно за Липа на највисокиот дел од асфалтниот пат на левата страна се наоѓаат гробови кои што повторно се ограбени од страна на нелегалните ископувачи. Се работи за гробови изградени од камен плочи без малтер од типот циста. Ориентацијата им е исток запад а сите се длабоко ископани. На површината се гледаат фрагменти од градежна керамика – тегули како и расфрланите плочи од гробовите. Можно е да се работи за средновековни гробови но според ваквата ситуација тешко е да утврдиме.

На катастарскиот план се наоѓа на парцелата со број 1/1








**Под гробовите -** на 30 тина метри подолу по патот за с.Калањево во всечениот профил од изградбата на патот се гледаат остатоци од фрагментирани тегули и можеби разрушен некаков дел од објект. Ова го донесов на основа на тоа што камените формации во целиот овој простор се јавуваат само на овој дел од патот. Сето останато е земја и тоа е видливо во самиот профил.

На катастарскиот план се наоѓа на парцелата со број 1/1




**Камена стела –** се наоѓа во селото а извадена е од некоја нива во близината на с.Липа. Се работи за камена стела со натпис и буктарион. Должината и изнесува 1м а ширината 40 см. Оштетена е на задната страна а откршен е и дел од текстот т.е од вториот ред. Во понатамошна обработка ќе дознаеме за содржината на текстот откако ќе се предаде сликаниот матрејал во консултација со епиграфичар.

Инаку вакваите претстави на говедо ( буктарион) се доста присутни на овој простор. Повеќе камени ари со ваква претстава има во Музејот во Неготино

Локацијата на наоѓање во моментов останува непозната за нас.





**Неготино**

**Градишта, Градиште –** Се работи за одамна познат и најпопуларен локалитет во Неготино кој што се наоѓа на самиот северен раб на градот веднаш над денешната циглана. Откриен е во 1953 г со рекогноцирање а при градежни работи за самата циглана во 1960 год биле откриени огромен број на керамички садови сите искршени кои што претставуваат први наоди од овој локалитет. Во тој период овој локалитет припаѓал под надлежност на Музејот од Велес и од нивна страна се извршени првите стручни прибирања на податоци за овој локалитет откако веќе од страна на градежните зафати биле извадени и разрушени неколку гробови[135]. Според многумина се работи за античкиот град Антигонеја спомната на Појтингеровата карта но од досегашните откриени податоци не е откриен никаков натпис од овој локалитет кој што би го потврдил ваквото тврдење. Во текот на 1982 и 1983 од страна на Иван Микулчиќ извршен е детален премер и техничко снимање на локалитетот[136] а истото но поново снимање го имаат извршено и денешните истражувачи но со далеку помодерна технологија.

[135] Музеј на град Велес, 1960
[136] И. Микулчиќ, 1984

Од 2009 до денес секоја година се ископува и тоа како меѓународен проект најпрво од 2009 до 2011 год заедно со Институтот за Класични и Ориентални студии од Валенсија – Шпанија[137] а од 2012 до денес со Универзитетот од Гдањск – Полска заедно со Археолошкиот музеј во Скопје. И од нивна страна вршено е техничко снимање и документирање на овој локалитет и тоа во повеќе наврати.

Овој локалитет изобилува со огромен број на керамички наоди и тоа е една од карактеристиките по кои е препознатлив. Самата околина овозможила да се употребува глинестата земја присутна насекаде на овој простор а тоа продолжува и во денешно време.

Ваквата состојба овозможила Градиштето на Неготино да стане керамички центар за пошироката околина. Северно и јужно од Неготино во близина на Стоби и Демир Капија исто така постојат предели со глина. Во 1989 год земени се примероци од трите предели и направен е експеримент за состојките и цврстината на глината како и нејзино печење на температура од 1800 степени и за неготинската глина се добиени резултати за сурова и за бисквит печена глина[138].

Досегашните обработени керамички садови од овој локалитет ни покажуваат дека се работи за садови кои што се изработени од фина, пречистена глина, сива по боја. Постои мала разлика во квалитетот на кујнската керамика со трпезната керамика[139].

Скоро кај сите садови е забележливо дека биле премачкани со лак од иста боја на глината кој што е со слабо метално сребрен сјај[140]. Оваа керамика припаѓа на т.н македонска сива керамика[141]. Целокупната сиво печена керамика можеме да ја поделиме во две групи. Едната ги претставува грчките форми на садови додека другата е еден вид на паница со мали разлики во

[137] С. Битрак - Н. Секунда, 2011
[138] V. Anderson - Stojanovic, 1992, 10
[139] В. Соколовска, 1986, 47
[140] Ibid.
[141] V. Anderson - Stojanovic, 1992, 10

профилацијата[142]. Карактеристика заедничка за двете групи на садови е дното. Сите се со исто дно, кое е полно благо конкавно со лажен базен прстен.

Покрај ваквата фино обработена керамика која е работена на колце откриена е и рачно работена керамика откриена во керамичко депо во подножјето на Градиште. Станува збор за еден сад - шолја со една рачка. Овој сад е најден во контекст на раноантичка сива пајонска керамика заедно со примероци од атичка керамика која што може да се смести во 5в п.н.е[143].

За класификација и описот на бојата на глината употребен е каталогот на Munsell Color Chart, (Baltimore 1975)[144].

Огромното производство на керамика сигурно допринело за разновврсна размена на стоки а со оглед на местоположбата на која што се наоѓа неизбежно е да се бележи раст во трговијата. Ваквата ситуација ја потврдува и фактот што досега се откриени огромен број на монети речиси од сите период кои припаѓаат на антиката.

Ова пак допринело денешните истражувачи да ги публикуваат ваквите истражувања и со тоа се дознаваат информациите добиени од археолошките истражувања. С. Битрак и Н. Секунда ги објавуваат обработените монети во кампањите од 2009 до 2011 год[145].

Од досега откриените наоди може да се констатира дека најраната фаза потврдена со монета е од 5 век п.н.е и се работи за монета сребрен теробол кован во Акантос[146] додека од керамичките наоди се откриени и архајски форми на садови. Иван Микулчиќ го става почетокот на егзистирањето на населбата во архајскиот период и тоа според наодите на откриените форми на садови[147]. Најдоцниот наод е монета на Јустинијан I од 6 век н.е. Постои одреден хијатус од Доцно хеленистичкиот и Августовскиот период, и

---

[142] В. Соколовска,1986, 47
[143] В. Соколовска, МАА, бр 12, 177 - 178
[144] V. Anderson - Stojanovic, 1992, 6
[145] С. Битрак - Н. Секунда, 2015, 345 - 356
[146] W. Brillowski, A Koperkiewicz, G. Sanev, N. Sekunda, 2015, 75
[147] И. Микулчиќ, 1984, 123



***Цртежот е превземен од Polish – Macedonian excavations at Negotino Gradiste 2009 – 2015***

нејверојатно е дека градот бил напуштен во вториот век а подоцна во доцната антика повторно се населил и бил утврден со бедем[148]. Веднаш од северниот бедем се наоѓа некрополата која што е откриена кога е вршено пошумување на овој регион. Во понискиот дел викан Раткин Дол се најдени гробови од типот цисти од повеќе камени плочи кои припаѓаат на архајскиот период[149].

[148] W. Brillowski, A. Koperkiewicz, G. Sanev, N. Sekunda., 2015

[149] Ж. Винчиќ, 1996, 89




***Сликата е превземена од The royal numismatic society 2015***

Една од најзначајните појави на погребување е откриена на овој локалитет. Најверојатно е дека станува збор за погребување во кочија од која што денес во музејот во Неготино се останати тркалата и сребрени токи извадени од неа. За жал тогашните учесници во ископувањето не успеале да ја извадат или конзервираат кочијата па затоа денес и немаме претстава за нејзиниот изглед



и форма. Од особено значење е да се напомене дека од овој локалитет се откриени теракотни скулптури на Кибела како и еден бронзен кадукиј. Ваквиот бронзен предмет не носи во религискиот аспект кој што го имало за овој локалитет кој што се поврзува најпрво како симбол на Хермес во грчката митологија и богот Меркур во Римската митологија[150].

Научно истражувачката дејност за овој локалитет е цел на повеќе научници. Така Проф. д-р Антонио Јакимовски ги собира и класифицира дотогаш познатите керамички светилки. Се работи за 26 наоди откриени од овој локалитет. Тој ги поделува во неколку типови зависно од хронолошката припадност и формата. Така присутни се светилки од хеленистичкиот период, Римскиот и доцноантичкиот период.

**Хеленистички период –** Во овој период припаѓаат светилките од типот XIV. Тие се седум откриени на овој локалитет кои што се со округло тело, рамен клун кој што е речиси еднаков по димензии со телото овален на својот завршеток[151]. Сите се без дршка рустично обработени и не се боени. Работени се во иста керамичка работилница од овој локалитет а на четири од овие светилки се среќава сигнатура **А** со цртичка над неа[152]. Според Антонио Јакимовски или се правени од неспретен мајстор или од ученик. Датирани се во II и првата половина на I век п.н.е[153].

Пронајдена е една светилка од тип XV која што припаѓа на Македонски тип на светилки која што е датирана во средината на II век п.н.е[154].

Друг тип на светилки откриени се од Ефески тип на светилки. Припаѓа на тип XXII А. Пронајдени се две такви од овој локалитет[155] од истата група на светилки но со тип XXII B пронајдени се пет светилки[156].

Од тип XXV откриени се две светилки од овој локалитет[157].

---

[150] Д. Срејовиќ, А. Цермановиќ - Кузмановиќ, 2016, 479
[151] А. Јакимовски, 2012, 56, Кат.бр 46 -52
[152] Ibid, 56
[153] Ibid., 57
[154] Ibid., 76, Кат.бр 89
[155] Ibid., 108, Кат.бр 163, 164
[156] Ibid., 112 -113, Кат.бр 174, 176, 177, 178, 179
[157] Ibid., 122, Кат.бр 189, 190

**Римски период –** од римскиот период на овој локалитет се откриени повеќе глинени светилки од типот XXIX.  Сите се сместени во Музеј на град Неготино[158].

Од овој локалитет откриен е и калап за изработка на глинени светилки[159].

Овој локалитет се наоѓа на парцелите со броевите 1075,. 1076, 1086

**Криво мовче –** се работи за територија која се наоѓа на 1 км од Неготино кон патот за Кавадарци. Се простира на двете страни од патот каде што има викенд куќи и една приватна винарија. На десната страна од патот на земја посадена со житна култура на површината се наоѓаат керамички фрагменти од доцноантичкиот период, градежна керамика – тегули како и боена фина трпезна керамика која што би можела да се датира како доцно средновековна.

На истиот локалитет се спомнува и дека имало откриени гробови од тегули на две води[160] што би претставувало и некропола на истиот простор.

Овој локалитет се наоѓа на катастарска парцела означена со број 1882/1, 4120, 4121, 4125/1, 4125/2, 4125/3, 4125/4, 4125/5, 4126





**Криво мовче – винарија –** станува збор за новоткриен локалитет кој што се наоѓа од левата страна на патот за Кавадарци поточно во близина на приватната винарија. На една зарамнета површина со орање на нивата има остатоци од керамика од римскиот период, со убава печена црвена боја како и градежна доцноантичка керамика. Се работи најверојатно за мал полски имот кој што егзистирал на овој простор во римскиот и доцноантичкиот период.

[158] Ibid., 142, Кат.бр 242, 243, 244, 245, 250
[159] Ibid., 307, Кат.бр 752
[160] Ж. Винчиќ,  1996, 88

Веднаш до винаријата на самите ниви, од кажувањата на сопственикот на истата пред триесетина години со орање на земјата се извадиле делови од питоси и други керамички елементи. Не знае каде се однесени од таму.

Овој локалитет се наоѓа на катстарска парцела означена со број 27/5, 3863/1, 3863/2, 3863/3, 3864, 3865.




**Гробишта –** се наоѓаат на северозападниот дел на градот. Во нивна близина има споменик на НОБ. Биле откриени неколку гробови од типот на циста со камени плочи и претставувало помала доцноантичка некропола[161].

Денес нема никакви елементи кои што би ни укажале на ваквата состојба освен можеби самата позиција во однос на другите наоѓалишта.

**Крстопат –** се наоѓа на локацијата што е предлошена за крстосница за можната траса за патот кон Сердика од Стоби. При пошумување на регионот биле откриени повеќе гробови од типот циста од камени плочи[162].

**Чанка чешма –** забележано е дека во источниот дел на градот на Чанка чешма имало голем фрагмент од мермерен фриз. Според кажувањето на некој жител овој фриз бил изваден од нива што се наоѓа на 50 м од чешмата а на самата нива се среќавале фрагменти од римски керамиди[163].

**Чучуров рид –** биле откопани 5 гроба кои биле оградени со големи плочи а во нив имало распаднато скелети. Податоците се добиени од Никола Таланков[164].

[161] Ibid.
[162] Ibid, 89
[163] А. Керамитчиев, 1961, 115
[164] Ibid, 117

Денес на Чучуров рид има модерна населба со куќи и со урбанизирањето на овој дел од градот најверојатно е дека овие податоци се изгубени засекогаш

## Пепелиште

**Бела земја, Трнче –** на оваа локација откриени се фрагменти од неолитска керамика, куќен лепеж и орудија од камен и кремен[165].

**Бела земја, Трнче** – се наоѓа 2,5 км југозападно од с.Пепелиште и околу 200 метри источно од каналот за наводнување. Во близина на стариот мост на каналот е регистриран долг камен елемент кој што или е дел од фриз или е долен дел од саркофаг[166].Во полето има исклесани шепи на две четириножни животни.

На првата опишана локација започнато е со теренско истражување за прв пат во 2013 г. и продолжено е и во 2014 и 2015 г. Од ископувањата се добија резултати дека се работи за локалитет од античкиот период[167] а со откривањето на малоазиска фибула локалитетот се става во хронолошки распон од 5-4 век п.н.е до 3 век н.е.[168]. Од ископувањето од архитектонските остатоци се откриени неколку простории од еден ист објект.





Некаде во средината имало огниште а внатре во просторијата се пронајдени остатоци од животински коски и керамички фрагменти. Монети од Диоклецијан,

[165] Ж. Винчиќ, М. Ивановски, 1996, 235
[166] В. Лилчиќ, 2001, 349
[167] Д. Герасимовска, С. Карпузова, О. Петров, 2017, 57
[168] Ibid.

Константин Хлор и монета кована во 4 век најверојатно од Теодосиј I. Од останатите движни наоди откриени се: железно ноже, железна фибула, бронзен приврзок со срцевидна форма, клопотарец, железна тока со бубрежна форма и керамички фрагменти[169].

Овој локалитет се наоѓа на катастарска парцела со број 1601/1, 1601/27, 2224/3

**Локалитет Трнче – Стреа** – се работи за некропола од средновековниот период. Прв пат се регистрирани гробни конструкции уште во 1957 год. но не се вршени никакви интервенции за обезбедување на археолошки матрејал. Потоа од страна на Бошко Бабиќ во 1989 се регистрирани и документирани 30 гроба а ископувањата продолжиле и во 1990 год кога се доткриени 46 гроба за да во 1999 г Музеј на град Неготино и Институтот за старословенска култура од Прилеп откриваат уште 9 гроба[170].

Оваа некропола се наоѓа 2,5 км јужно од селото покрај брегот на реката Вардар а северно одма до каналот за наводнување. Денес во близина на локалитетот се изведуваат градежни активности т.е има вадење на песок од страна на приватни компании но од ваквата активност не е загрозен локалитетот. Се работи за приватна сопственост и денес на теренот не се изведуваат никакви активности.

На некрополата досега се регистрирани 85 гроба, два се празни и истата припаѓа на класичните средновековни некрополи со гробови поставени во редови[171]. Повеќето од половината гробови се со камена конструкција од делкани плочи а имало и плочи со кои што биле покривани гробните камари[172]. Откриени се и слободни и двојни закопувања. Има регистрирано и еден случај кога оградата на јамата е дрвена. Особено се издвојува гробот заведен под број 81 каде што има појава дотогаш не регистрирана во Македонија. Десно од черепот на постарото погребување во полукруг биле најдени шест камења – белутраци кои по изгледот и според начинот како биле наредени не се дел од некоја конструкција туку се работи за древен погребен обичај забележан во

---

[169] Ibid, 57 - 58
[170] Е. Манева, МАА, бр16, 295
[171] Е. Манева, 2000, 20
[172] Ibid, 21

словенските гробови во Бугарија[173]. Забележани се погребни обичаи кои што потекнуваат од постарите култури и од словенските верувања. Се работи за остатоците од горење забележани на повеќе гробови како и нагорување на страните на конструкцијата како што е случајот со гробот под број 55. Вакавата појава се поврзува со култот на огнот во погребните ритуали како очистување од лошите сили[174].

Ориентацијата на гробовите е Исток/Запад поставеноста на рацете како и пронајдениот свиток – амулет со втиснат крст покажува христијанска припадност на покојниците.

Оваа некропола се става во хронолошки рамки од 11 и 12 в н.е а на север од неа биле регистрирани делови од ѕидови како и фрагменти од керамика. Дали се работи за населбата поврзана со некрополата останува отворено прашање кое во некое истражување би се открило.

Овој локалитет се наоѓа на катастарска парцела означена со број 1624

**Некропола Гробишта, Сред село –** се наоѓа во центарот на с.Пепелиште каде што денес е сместена поштата. Истражуван е простор од 130 м$^2$ каде што е евидентирана доцносредновековна некропола со три хоризонти на погребување[175]. Најмладите се исламски погребувања додека другите се со христијански елементи од каде што се забележани 13 гробни конструкции во два вида и тоа слободен укоп и во цисти. Од наоди застапен е накитот во повеќе форми како прстени, обетки, монистри како и една монета[176].





[173] Ibid, 23
[174] Ibid, 26
[175] Н. Петров – Пецовска, М. Велчовски, 1997, 185
[176] Ibid., 187

## Тимјаник

Во селото од непозната локација за нас, бил донесен масивен импост за ѕиден пиластер квалитетно изработен од бел мермер. Горе бил со обична плинта што ја потпираат тесни и високи листови папирус. Ваквата изработка го става овој елемент во 5-6 век н.е[177].

## Тремник

**Мали Дол –** праисториско и средновековно археолошко наоѓалиште и е едно од ретките на кои што е вршено систематско археолошко ископување на локалитет од праисторискиот период на овој простор. Локалитетот без прекин се истражува од 2008 год кога е и откриен па се до денес. Се наоѓа на јужниот крај на селото на приватен имот чиј што сопственик и го открил локалитетот кога за време на градежна активност открил неколку камени конструкции и бронзени игли кои што ги предал во музеј на град Неготино. Стручни лица од музејот направиле увид на теренот уште истата година при што биле констатирани четири погребувања и бил откриен и еден ѓердан.

Во 2009 год се отпочнати систематски археолошки ископувања под раководство на д-р Александра Папазовска во соработка со Филозофскиот факултет во Скопје и Музеј на град Неготино[178].

Истражувањата укажуваат на постоење на две некрополи кои припаѓаат на два различни временски периоди. Првата односно постарата некропола датира од крајот на бронзеното време XIII - XII век п.н.е и премин кон раното железно време XI – X век п.н.е[179]. Со новите истражувања се откриени и неколку погребувања кои се од почетокот на раното железно време. Втората т.е помладата некропола припаѓа на средновековниот период помеѓу XI - XII век.

На овој локалитет досега се откриени 75 погребувања од кои 62 припаѓаат на праисториската некропола а 13 на средновековната. Во постарата некропола се јавуваат два вида на гробни конструкции, постарите се скелетни

[177] В. Лилчиќ, 2002, 921
[178] А. Папазовска, 2018, 6
[179] Ibid.

погребувања во цисти или јами а помладите се во урни со спалени остатоци од покојникот[180]. Откриено е и едно погребување кое сперед карактерот припаѓа во доцноантичкиот период поточно во V век н.е

Праисториската некропола во постарата фаза која што има погребувања во цисти или јами припаѓа на типот рамни некрополи организирани во осум реда на овој локалитет[181].

Ритуалот на погребување е со инхумација при што телата се полагани во згрчена положба а ориентацијата на гробовите е северозапад – југоисток со иавесни отстапувања на некои гробови.




***сликите се превземени од Некрополите на Мали Дол – каталог, 2018***

Во помладата фаза на праисториската некропола забележани се нови елелменти а тоа се погребувањата во урни кои се вкопани во јами во здравицата. Ваквата појава на нов начин на погребување може да се образложи само со тоа дека дошло до некаква промена во етничката структура на населението па со тоа и новите елементи се присутни. Друга новина што се јавува во оваа фаза е погребувањето во цисти но наместо во згрчена положба телата се полагани во испружена положба[182]. На праисториската некропола се откриени 4 типа на гробни форми и тоа цисти од камени плочи, гробни јами вкопани во здравицата, гробови урни и лажни гробови - кенотафи[183].

[180] Ibid., 7
[181] Ibid, 10
[182] Ibid, 11
[183] Ibid, 12



***Сликите се превземени од некрополите на Мали Дол – каталог, 2018***

Според карактерот на некрополата од постара фаза можеме да заклучиме дека сите појави кои се јавуваат тука се јавуваат и на Димов Гроб кај с.Уланци. Таа е современик на истата некропола дури и според начинот на полагање на покојниците и тоа мажите на десната страна се свртени а жените на левата страна[184].

На катастарскиот план се наоѓа на парцелата со број 3513

**Бунарје** - градиште од доцноантичко време. На 1,5 км југозападно од селото на блага падина отворена кон запад се гледаат остатоци од одбранбен бедем што зафаќа простор од 100 x 100 метри. По површината има фрагменти од керамички садови, питоси и градежен матрејал. Ва западниот дел на градиштето се наоѓа бунар[185].

Денес сеуште стои одбранбениот бедем иако е разлеан но останат е доволно за да се регистрира. Бил граден во сувоѕид и не е со правилна форма туку граден е за во целост ја следи конфигурацијата на теренот. Од обработката на земјата веднаш покрај бедемот на западната страна стои питос сеуште вкопан во земјата. На површината се среќаваат остатоци од градежна ќерамика и фина трпезна ќерамика. Во самиот простор постоја 4 бунари кои што денес се пресушени. Три сеуште се отворени и раскопани од дивите копачи а еден е затворен т.е потрупан со камења. Биле градени од масивни камени блокови

[184] Д. Митревски, 1997
[185] М. Ивановски, 1996, 235

Над самиот локалитет има откопано уште два гроба градени од големи камени блокови кои за жал и овие се раскопани од страна на дивите копачи.

На катастарскиот план се наоѓа на парцелите со број 1941/1, 1941/2, 1941/3, 1941/4, 1942/1, 1942/2, 1943








**Градиште -** во Археолошката карта на македонија е запишано дека на месноста викана Градиште постои населба од бронзеното време[186]. На околу 1 км северно од селото Тремник на зарамнетиот дел на пространо плато се среќаваат фрагменти од керамички садови со груба фактура.

На лице место не се пронајдени фрагменти од керамички садови на површината на теренот но позицијата одговара совршено за населба од

[186]М. Ивановски, 1996, 235

градишки тип а и веднаш до оваа локација се наоѓа локалитет од римскиот и доцноантичкиот период.

На катастарскиот план се наоѓа на парцелата со број 506/3




**Нов локалитет** – се работи за откриени надгробни споменици извадени и оставени на површината од сопственикот на нивата кој што кога ја обработувал ги растурил спомениците. На еден од спомениците има розета во средината а од страните има кругови кои што не се читливи. Спомениците се најдени во областа помеѓу Атанасица и Бунарје.

На катастарскиот план се наоѓа на парцелите со број 1690, 1691/2














**Атанасица** – се наоѓа 500 метри јужно од селото на висорамнина која што денес не се обработува. На најсеверниот дел од пределот кој што гледа кон селото видливи се два гроба најверовatno од 18 или 19ти век. На двата гроба како надгробен споменик има крст изделкан од камен а на самиот крст има уште еден крст вдлабнат во него. На едниот од надгробните крстови има изгравирано на страничните делови по еден мал крст. Се работи за некропола на која што според кажувањата на мештаните имало околу 150 гроба кои што денес немаат видливи обележја а имало и црква посветена на Св Атанасиј но денес не се видливи некакви остатоци а згора на тоа има и висока вегетација. Најдени се неколку монети од ова место но никој не знае каде се ниту од кој период биле монетите[187].

На катастарскиот план се наоѓа на парцелата со број 1686/1





[187]А. Керамитчиев., 1961, 117




**Источно од Атанасица –** се работи за истиот терен но поради различниот матрејал ќе се му се даде посебен дел. Југоисточно од гробовите од Атанасица на површината се гледаат расфрлани фрагменти од керамика како градежна така и складишна. Зафаќа голем простор бидејќи има неправилна форма а одредувањето на границите го отежнува тоа што кога била обработувана земјата камењата и керамиката била собрана и оставена на еден куп од јужниот раб на теренот. И на овој дел се наоѓа огромен број на фрагменти од керамика а особено се издвојуваат складишните питоси каде што регистрирав 8 -9 различни ширини на отворите. Според површинските наоди се работи за доцноантичка и средновековна керамика.

На катастарскиот план се наоѓа на парцелата со број 1684










**Западно од Атанасица** - Во подножјето на Атанасица т.е на западната падина на терен со лозов насад се најде огромен број на градежна и особено трпезна керамика. Според формата на откриената керамика се работи за керамика од доцноримскиот период т.е 3 – 4 век н.е.

На катастарскиот план се наоѓа на парцелите со број 1697, 1698









**Гробови над Бунарје –** во реонот над Бунарје т.е југозападно од локалитетот под ридот се гледаат разрушени гробови градени од масивни камени блокови. Се работи за веројатно два гроба поделени со камена плоча а покриени со една поголема плоча. Големината одговара за двата гроба да се покријат. Дали се работи за некропола во склоп на населбата или се некое посебно погребување немаме информација.

На катастарскиот план се наоѓа на парцелата со број 1975

 

**Чаир рид –** се наоѓа на влезот на селото Тремник од десната страна на стариот пат што води кон Гевгелија. Регистриран е од поодамна во археолошката наука но без конкретни пообемни систематски ископувања. Во текот на 1958 година Апостол Керамитчиев го регистрира како - Чаири[188] чија површина тогаш служела како пасиште а денес се обработува со разни земјоделски култури. Во текот на 2005 год од страна на екипи на Музеј на град Неготино вршени се првите систематски археолошки ископувања за да се утврди границата на локалитетот, акрополниот и некрополниот дел. Констатирано е големо оштетување на локалитетот од страна на градежните компании кои што за потребите на новиот автопат ваделе земја од локалитетот и со тоа довеле до негово парцијално уништување.

Била употребена методата на рекогносцирање и сондажно истражување и биле откриени три сонди[189].

Првата била направена во дел кој што се претпоставува дека имал индустриска фунција каде што биле констатирани три печки за изработка на керамика.

Втората сонда била отворена во делот на јужната некропола а третата сонда на северозападниот дел на локалитетот[190]. Бил направен напор за вадење на една од печките со цел за нејзино пренесување во Музејот на град Неготино. Хронолошки локалитетот е ставен во рамки од 7 – 6 век п.н.е до доцно римскиот период.

[188] А. Керамитчиев, 1961, 115
[189] К. Ангеловски, 2005
[190] Ibid.

Од страна на Проф д-р Марјан Јованов вршено е археолошко истражување на овој локалитет каде што се откриеиени населбински остатоци и тоа на највисокиот рамен дел на локалитетот.




***цртежот е превземен од И. Микулчиќ, 1984***

Од овој локалитет откриена е една глинена светилка од тип XIX[191] која што е деформирана со лошо обработен отвор за фитил, лоши споеви на

[191] А. Јакимовски, 2012, 94

горниот и долниот дел како и лоша доработка со многу невоедначена боја на печење[192].

Според ваквата состојба утврдено е дека се работи за локална изработка работена на импортиран калап која што се датира во втората половина на II и почеток на I век п.н.е[193].

Во текот на 2019 се вршеше археолошко ископување на овој локалитет под раководство на Проф. д-р Марјан Јованов и Проф. д-р Антонио Јакимовски од Филозофскиот факултет во Скопје а во соработка со музеј на град Неготино.

Во ова истражување направивме три сонди од кои две беа на горниот зарамнет дел од локалитетот односно населбинскиот дел а едната беше поставена во непосредна близина на печките кои што се откопани во минатите истражувања.

Во првата сонда се откри рушевински дел од како што изгледа некаков бедем кој што ја прати конфигурацијата на теренот. Од наоди беа најдени делови од фрагментирани керамички садови кои што според формата и квалитетот на изработката хронолошки се во III век н.е.

Во втората сонда беше доистржувана просторија каде што се стигна до подното ниво. Од движни наоди најзастапени се керамичките елементи и делови од мелници.

Во третата сонда беше откриен простор кој што можеби бил користен како свето место или некаков храм. Во близина на оваа сонда откриени се неколку ари кои што во оваа кампања беа собрани и однесени во музеј на град Неготино

Беше откриен голем камен блок правилно делкан со зарамнети страни. На него леже ѕид кој што е граден со варов малтер а исто така и внатрешноста на ѕидот беше измачкана со малтер. Кон крајот на ископувањето се откри и дека и надворешната страна на ѕидот е премачкана исто така со малтер.

---

[192] Ibid.
[193] Ibid, 96, Кат.бр 142



Сондата беше поставена во стандардни димензии 5 х 5 а со ископувањето се стигна до рушевинското ниво над подот на кое веќе се забележуваше дека има траги од горење.



Во југозападниот дел на сондата во ѕид секундарно употребен беше вметнат мермерен архитектонски елемент со канелури. Карактеристично за оваа сонда е тоа што се открија голем број на откршени делови од столб изработен од црвеникав мермер како и бели мермерни остатоци



Од наоди беа откриени две монети, керамички тег, фрагменти од фина трпезна керамика, фрагменбти од ехинус паница како и фрагментиран сад со декорација пронајден во рушевинскот ниво на јужниот крај од сондата.





На катастарскиот план се наоѓа на парцелите со број 506/3 на исток, 578, 582, 583, 584

**Јака Чешма, Водовод –** При изградба на базен за вода во средината на минатиот век селаните ја откриле оваа градба мислејќи дека е турски водовод. Направено е археолошко истражување во текот на 2013 год под раководство на Проф.Др Антонио Јакимовски од Филозофскиот факултет во Скопје со една контролна сонда откриен е водоводот и во понатамошното ископување се

пратела неговата должина[194]. Откриена е површина од 160 $м^2$ и откриено е дека објектот е со ориентација југоисток северозапад  и е од камен врзан со малтер. Горниот дел е затворен со лачни тегули правени намемнски за овој водовод. Висината изнесува 1м а внатрешната ширина на каналот изнесува 0,60 м[195]. Според движните наоди керамика и монети овој аквадукт се датира во 1 - 2 век н.е односно во римскиот период.  Постоењето на ваков вид на водовод и со ваква градба укажува на тоа дека на овој простор имало доста голем или значаен антички центар т.е населба од големо значење за регионот. Во понатамошните истражувања би требало да се добијат податоци кои што ќе ги потврдат ваквите тврдења







[194]А.  Јакимовски, 2013
[195] Ibid.

На катастарскиот план се наоѓа на парцелите со број 3918, 3959, 3960

**Јака Чешма – Црква,** се наоѓа во непосредна близина на водоводот. Денес на оваа локација има изградено црква а дека во минатот бил користен овој простор и имал сакрално значење сведочат и римските гробови со конструкција на две води од тегули и имбрекси[196] откриени во 1950 при градење на новата црква во селото. Забележани се камени елементи уште во 1918 год од Г. Кацаров а потоа и други истражувачи: Н. Вулич 1931, М. Грбиќ 1954, А. Ќерамитчиев 1961, И. Микулчиќ 1976 и сите овие остражувачи оделе кон тоа дека се остатоци од ранохристијанска црква. Со подетално истражување В. Лилчиќ открива дека всушност овие архитектонски камени елементи претставуваат делови од храм[197].

Документирани се: довратна греда, архитрав и фриз во еден дел, венец – гејзон, крепидома и уште неколку камени елементи.[198] Регистриран и документиран е и покривен елементна едикула од сив андезит денес сместен во Куршумли Ан во Скопје[199]. Покрај целата оваа архитектонска камена пластика на овој локалитет се откриени и две статуи на машки индивидуи[200].

Во 1981год. извршено е археолошко истражување на средновековните гробови.
Притоа се ископани 10 гроба кои се карактеризираат со скелетно погребување во конструкции во цисти со плочи од зеленикав шкрилец со ориентација запад – исток. Од овие гробови 4 припаѓаат на раното турско средновековие[201].

Од наодите откриени се бронзени и сребрени наушници и сребрени прстени[202].

**Орманков гроб –** познат од поодамна на стручната јавност. Во 1958 регистриран е од Апостол Керамитчиев како Романков гроб[203]. На овој

---

[196] Е. Манева, 1992, 167
[197] В. Лилчиќ, 2001, 353
[198] Ibid., 353, 357
[199] Ibid., 357
[200] Ibid., 361
[201] Е. Манева, 1992, 167
[202] Ibid, 167, 169

локалитет бил откопан гроб од каде што се извадени два надгробни споменици а во непосредна близина на гробот имало остатоци на темели од некоја стара зграда и парчиња од римски керамиди.

Во текот на 1982 год. на јужниот дел од локалитетот отворени се неколку сонди и направено е детално рекогносцирање на теренот од страна на д-р Живојин Винчиќ[204].

Од овој локалитет донесена е крилна плоча – анта која што долго време била во секундарна употреба како споменик на современ гроб. Плочата е изработена од сив песочник со правоаголна форма. На челната страна има исклесан јонски полукапител и база[205].

За овој локалитет се заинтересира јавноста како стручната така и пошироката со пронајденото депо на златни предмети. Во 2008 год беа откриени златни предмети со вкупна тежина од 1200 грама. Четири малоазиски златни фибули со должина од 10 см и тежина од 140 грама[206]. Иглите од фибулите се од бронза и само тие не се од злато во целото откриено депо. Главата на фибулите е со претстава на стилизирана змија а ногата е декорирана со стилизирана палмета. Ваквиот вид на фибули не биле за користење во секојдневниот живот туку се користеле само во посебни пригоди. Нивните сопственици најверојатно биле некои со благородничко потекло а исти вакви фибули се откриени во гробот на филип II во Вергина





[203] А. Керамитчиев, 1961, 115
[204] К. Ангеловски, 2005
[205] В. Лилчиќ, 2001, 361
[206] М. Јованов, А. Јакимовски, 2016, 125











***Статер на Филип II***



***Статер на Александар III***

На катастарскиот план се наоѓа на парцелите со број 1552 и 1563 во нејзиниот најсеверен дел.

**Шесте куќи** – во АКРМ  е запишано дека се работи за некропола од железното време[207]. Се наоѓа на една од нивите покрај патот што води за с.Долни Дисан. Од тука се извадени висулец – амулет со кружна форма,

[207] Д. Голубова, 1996, 236

чешел, двојна секира и салаталеони изработени од бронза[208]. Наодите се наоѓаат во Музеј на град Неготино

Од непознати локалитети од село Тремник се откриени надгробни споменици од страна на Никола Вулич. Денес се сместени во Куршумли Ан во Скопје. Се споменува дека се извадени од Анска чешма но тоа денес нема како да се потврди.





На едниот споменик се гледа дека на четвртасто подножје можно е да има претстава на животно на четири нозе[209]. На другиот цртеж се гледа мал саркофаг од црвенкаст мермер кој што на едната страна во профилираното поле стои натпис.

Врз саркофагот има поклопец со претстави на полумечина, розета и листови[210].

[208] Ibid.

[209] Н. Вулич, 1941 - 1948, 230

[210] Ibid.

## Црвени Брегови

**Ѓорева ливада –** се работи за населба од неолитско време која што се наоѓа на 2,5км западно од селото, на површината се наоѓаат фрагменти од керамички садови монохромно црни, со мазна површина[211].

Не е можно да се утврди точната местоположба на овој локалитет. Според дадениот опис денес овој терен е засаден со житни култури а поради фактот и дека се работи за праисториски локалитет веројатно се наоѓа подлабоко во земјата и само по пат на сондажни ископувања или со геомагнетни истражувања би можеле да ја одредиме точната локација како и карактерот на локалитетот.

**Фармата –** се наоѓа на околу 300 м северозападно од селото помеѓу железничката пруга и поседот на ЗИК Повардарие на мал дел има градежен камен, фрагменти од тегули, имбрекси и сл.[212].

---

[211] М. Ивановски, 1996, 236
[212] Ж. Винчиќ, 1996, 108

# VII – ЗАКЛУЧНИ СОГЛЕДУВАЊА

Цивилизациските процеси кои што се одвивале за развојот на општествените услови на човекот се присутни и на овој простор во Неготинскиот регион.

Од праисториските епохи па се до модерниот начин на живот постои еден континуитет на живеење што се потврдува преку бројните археолошки остатоци видливи на лице место. Иако во многу мал обем се вршени археолошки систематски истражувања особено за праисторискиот период, она што се манифестира преку случајните откриени наоди од страна на луѓето кои од било која причина случајно ќе најдат некаков предмет и ќе го однесат во музејот а такви ги има прилично многу, ни открива дека на територија на Неготино силно се присутни остатоци од минатото кои што чекаат да бидат откриени.

Од најголема важност за населување на просторот особено во праисториските времиња претставува реката Вардар. Таа во целиот нејзин тек и во непосредна нејзина близина допринела за создавање на организирани форми на живеење кои што може да се следат од нејзиниот извор па се до вливот нејзин во Егејското море.

Во овој труд е собрана целата досега позната литература за овој крај, објавените публикации, разни извештаи од археолошки истражувања кои што стојат во музеите, усни укажувања на населението со чија помош беа откриени дел од локалитетите како и објавените трудови во меѓународни списанија.

Во пишувањето и истражувањето поврзано со овој труд беа поставени повеќе цели.

Првата цел беше да се одредат сите локалитети во Неготинскот крај според местоположбата, да се даде опис на истата и според катастарските броеви да може по нај брз начин да се добие претстава за тоа каде се наоѓа одреден локалитет.

Втората цел беше да се одреди хронологијата на локалитетите, што и се случи и се донесоа можни претпоставки за некои локалитети за тоа што би добиле кога би се вршеле археолошки ископувања на некоја локација.

Третата цел беше да се откријат нови локалитети досега непознати за стручната јавност како би се зголемила бројката на археолошки локалитети на територијата на Неготино а имињата дадени на новооткриените локалитети да се однесуваат исклучиво според местоположбата на која што се откриени.

Во реонот на с.Вешје открив нови можни четири локалитети. Блискоста меѓу нив како и матрејалните остатоци можеби укажуват на еден но поголем локалитет со населбински карактер. Ваквата ситуација ќе може да се одреди само доколку на овој простор се извршат систематски археолошки истражувања. Тоа се: Прибошовец 1, Прибошовец 2, Прибошовец 3.

Во реонот на с.Горни Дисан открив три нови локалитети за кои што немаше никакви податоци во досега познатата литература. Тоа се: Подолу од влашки пат, Мрдање, Над селото.

Во реонот на с.Долни Дисан открив на  три места остатоци од водоводни керамички цевки, тубулуси и на една локација дел од ѕидан водовод. Покрај овие беа откриени и шест нови локалитети: Бунарот, Камена куќа, Мала камена куќа, Локалитет над Василова чешма, Над куќата со знаме, Локалитет над мастодонот.

Во близина на Неготино беше откриен еден нов локалитет, Криво мовче – Винарија.

Во реонот на с.Тремник открив четири нови локалитети: Нов локалитет, Источно од Атанасица, Западно од Атанасица, Гробови над Бунарје.

Во реонот на с.Липа открив шест нови локалитети како и една камена ара со буктарион. Локалитетите се: Гробови северно од Липа, Гробови јужно од Липа, Чифлик, Црквата, Гробови на патот за Липа, Под гробовите.

Вкупно беа откриени 24 нови локалитети од кои четири се со некрополни елементи. На четири места беа пронајдени остатоци од водовод и една камена ара.

Покрај стандардната хронолошка поделба на локалитетите, тука можеме да ги поделиме на тоа кои локалитети припаѓаат на левата а кои на десната страна на Вардар. Ваквата поделба немаше да има некое значење доколку не беше она што е воочливо а тоа е дека само пет локалитети од левата страна на Вардар се археолошки истражувани. Од нив четири се во с.Пепелиште од кои локалитетот Бела земја – Трнче сеуште се истражува и еден е во с.Војшанци - Градиште. Сите останати локалитети на кои што се извршени археолошки истражувања а некои сеуште се истражуваат се наоѓаат на десната страна на Вардар

Кога ќе се погледне кои локалитети се најмногу истражени од страна на археолозите и кога ќе се споредат добиените резултати се забележуваа таа врска на реката со животот. Така во нејзиниот северен тек први се локалитетите од с.Црвени Брегови кои што никогаш не биле ископувани, но се спомнуваат во науката од страна на истражувачите. Подолу по текот на реката Вардар наидуваме на локалитетот Градиште Неготино кој што и денес се истражува за да завршиме на локалитетот Чаир рид кај с.Тремник како нај јужна точка на овој регион а на кој што вршевме ископување во 2019 год. Сите овие се во непосредна близина на реката Вардар и ваквата состојба овозможила нивен брз економски и социјален развој. Уште неколку локалитети во селото Тремник се истражувани и се истражуваат и денес а тоа се: Мали дол, Орманков гроб, Јака чешма и др. За овие локалитети постојат публикации, извештаи, каталози и сл од каде што и ги добив најважните информации поврзани со нив.

Тука се презентирани и документирани 87 откриени локалитети напишани во овој труд како и повеќе поединечни наоди без локација на наоѓање.

Старите познати наоѓалишта од овој крај или се потврдени според досега познатиот опис на позицијата за тоа каде се наоѓаат или има измени т.е се исправени грешките од минатото најверојатно ненамерно направени од страна на оние кои што имаат истражувано во овој крај. Одредувањето на позицијата на секој локалитет се одредуваше физички а најголем показател за присуство на човекот се остатоците кои што беа најдени на површината на теренот. Најзастапена беше керамиката чии што форми не се разликуваат од

целокупната генеза на керамопроизводството во нашата држава за периодите за кои што станува збор. Втор најзастапен елемент за одредување на некој локалитет беа остатоците од камена пластика во форма на надгробни стели кои што во овој крај ги има во доста голем број. Непосреден извор на информации добивав и од луѓето кои што живеат во средините каде што истражував кои што многу помогнаа за забрзување на откривањето на некои веќе познати локалитети како и неколку нови.

Негативен фактор во целиот овој процес беше сликата добиена кога ќе се види дека некој локалитет бил уништен од страна на нелегалните ископувачи. Фрапантна е бројката на локалитети кои што се растурени од нивна страна. Најголема концентрација на вакви појави забележав во реоните на селата Вешје, Горни Дисан и Липа. Ваквата состојба се случува бидејќи денес во овие села речиси и да нема жители па сето тоа е во корист на дивите копачи.

Од досега истражените локалитети можеме да заклучиме дека сите што се наоѓаат на десната страна на реката Вардар се далеку пооткриени т.е поистражени во однос на оние од левата страна на Вардар. Нивното позиционирање е точно одредено и според катастарските парцели и визуелно на карти изработени за овој труд.

Постојат и локалитети кои што не се објавени тука од причина што нивната местоположба не е одредена точно или постои само како информација без да се потврди на теренското истражување. Нивниот број е мал и во некое наредно истражување можеби и би се открила нивната позиција.

Од праисториските локалитети на овој простор ни фалат локалитети од енеолитот. Не велам дека ги нема но поради недоволната истраженост досега не е откриен енеолитски слој. Во близина на Кавадарци на локалитетите Градиште с.Глишиќ и Бегова планина се регистрирани енеолитски елемети. На локалитетот Градиште кај с.Глишиќ се регистрирани енеолитски наоди како керамика, камени и кремени алатки[213]. Ова е показател дека и во овој регион ќе треба да очекуваме да се сретне локалитет од овој период. Неолитско наоѓалиште кое е случајно откриено поради градежни активности во с.Курија

[213] С. Василевски, 2018, 18

може да даде податоци за енеолитски слој со оглед на фактот дека тука е присутен и бронзенодопски слој на мал простор. Исто така може да се наиде на енеолитски слој и кај с.Црвени Брегови но ова се само можни локации каде би имало ваква појава. Без отпочнување на систематски ископувања нема да се открие континуитет на живеење во праисториските периоди со оглед на тоа што имаме бронзенодопски и железнодопски локалитети.

Во историските прилики во кои се има затекнато овој регион немаме некои директни показатели за случувањата. Најголем дел од податоците се врзани северно и јужно од регионот. Демир Капија и Стоби како важни места каде што се имаат случувано големи настани а кои се археолошки детектирани и остануваат репер за тоа што се случувало и во овој регион. Сигурен сум дека е неизбежно да се повторат  елементите најдени во овие локалитети како рушевински појави направени од страна на оние кои што рушеле на овие простори. Керамичките наоди кои се непосредни веќе ја потврдуваат ваквата ситуација но останува тоа во археолошки контекст да го потврдиме.

Припаѓајки во делот на Пајонија немаме со што да се пофалиме во однос на културните појави бидејќи и немаме истражувања во оваа област. Она што не води кон ваквата состојба се само поединечни наоди откриени во некои локалитети но без контекст. За одвојување се наодите од локалитетот Шесте Куќи кај с.Тремник кои се хронолошки осетливи за во овој период а носат елементи кои можат да бидат Пајонски. Од она што може да се очекува доколку се вршат археолошки ископувања по долината на Вардар е да се поклопат  појавите присутни во другите локалитети.

Во ридскиот дел на регионот пак ќе се најдат збегови, рефугиуми кои што служеле за заштита на населението од рушителите. Ваквата појава ќе се следи после средината на 4 – ти век н.е. а тоа ќе е така поради одличната одбрамбена позиција што ја имаат неколку локалитети од овој крај. Градот кај с.Горни Дисан е пример за тешко освоиво место пристапен само од една страна. Друг таков локалитет е Лопатница кај с.Вешје но со по блага конфигурација на теренот. Во зашумените делови на с.Долни Дисан постојат одлични локации за повлекување на населението од рамничарските во ридестите предели.

Одличната визура кон целото Повардарие како и изворите со пивка вода направиле совршени услови за живот на повеќе локации. Од овој крај на север погледот досега до врвот Клепа каде што се има регистрирано стражарска кула а на југ се гледаат локалитетите од Демир Капија како Маркова кула, Марков град, Кале Стрезов град и др.

Во близина на Витачево доколку биле загрозени можеле да се упатат кон Кожуф планина од каде што се бележат и траги од пат граден во римскиот период најверователно во pax romana. Овој пат до толку е сочуван што и денес со модерно возило би можело да се движи по него.

Најмногу истражуван локалитет е Градиште Неготино кој што од неговото откривање до денес во разни кампањи, поголеми или помали се истражува. Со континутет од 2009 – 2019 без прекин се работи на него и во овој период беа добиени голем број на новоткриени податоци. Дел од резултатите се публикувани во меѓународни списанија а дел во домашни како и поединечни наоди од овој локалитет. За прв пат во 2017 год беше истражуван и локалитетот Градот кај с. Горни Дисан кој што според катастарските планови припаѓа на с.Вешје. Таму беше откриена најверователно ранохристијанска базилика, кули и дел од бедемот. Во време на изработката на овој труд беше продолжено ископувањето и на локалитетот Мали Дол кај С. Тремник како и на локалитетот Чаир рид.

Од досега прикажаното сметам дека со трудот се постигнаа зададените цели, ја оправда потребата од ваква работа а како производ на сето ова Неготинскиот крај се збогати со ново откриени археолошки локалитети.

# VIII - БИБЛИОГРАФИЈА


Anderson – Stojanovic, Virginia. *Stobi – the helenistic and roman pottery.* New Jersey: Princeton University Press. 1992

Ангеловски, Киро. Извештај од археолошко ископување на лоалитетот Чаир рид, с.Тремник, Неготино: Музеј на град Неготино, 2005

Ангеловски, Киро. Извештај од археолошко ископување на локалитетот Орманков гроб, с.Тремник, Музеј на град Неготино, 2008

*Археолошка карта на Република Македонија.* Том1, Скопје: Македонска Академија на Науките и Уметностите, 1994

*Археолошка карта на Република Македонија*. Том2, Скопје: Македонска Академија на Науките и Уметностите, 1996

Битрак, Сања и Никола Секунда, *The royal numismatic society,* 2015

Битракова - Грозданова, Вера. *Религија и уметност во антиката во Македонија*. Скопје: Студии, 1999

Блажевска, Силвана. *МАКЕДОНИЈА милениумски културно – историски факти*. Скопје: 2013

Василевски, Сашко. *Тиквеш во праисторијата.* Магистерски труд, необјавен, 2018

Винчиќ, Живојин. *Илјада години антика во Тиквешијата*. 1996

Вулич, Никола. *Споменик,* бр 71, Српска Академија Науке и Уметности, Београд: 193

Вулич, Никола. *Споменик – anticki spomenici nase zemlje,* бр 98, Српска Академија Науке и Уметности, Београд: 1941 - 1948

Герасимовска, Дафина, Соња Карпузова и Орданче Петров. *Бела земја – Трнче. Археолошки информатор бр1,* Прилеп: Менелај 2017

Голубова, Данче. *Археолошка карта на Република Македонија*. Скопје: Македонска Академија на Науките и Уметностите, 1996

Ивановски, Милан. *Археолошка карта на Република Македонија*. Скопје: Македонска Академија на Науките и Уметностите, 1996

*Историја на македонскиот народ*. Институт за национална историја, Скопје: 2008

Јакимовски, Антонио. *Антички светилки од Република Македонија*. Скопје: Македонска цивилизација, 2012

Јакимовски, Антонио*. Извештај од археолошко ископување на Орманков гроб,* Неготино: Музеј на град Неготино, 2012

Јакимовски, Антонио. *Извештај од археолошко ископување на локалитетот Јака Чешма.* Неготино: Музеј на град Неготино, 2013

Јованов, Марјан. *Извештај од археолошко ископување на локалитетот Чаир Рид.* Неготино: Музеј на град Неготино, 2012

Јованов, Марјан и Јакимовски, Антонио. *Балканославика,* ЈНУ Институт за старословенска култура – Прилеп, 2016

Јовчевска, Трајанка. *Кале – енеолитска куќа*. Велес: Народен музеј Велес, 2008

Јосифовска, Борка. *Неколку неиздадени грчки и латински натписи од Македонија.* Жива Антика III, 1-2, 1953

Керамитчиев, Апостол. *Археолошка карта на Република Македонија*, Скопје: Македонска Академија на Науките и Уметностите, 1996

Керамитчиев , Апостол. *Белешки од рекогносцирањето во струмичкиот басен и по долината на Вардар*. Скопје: Зборник (1959 - 1960) Археолошки музеј - Скопје, 1961

Лилчиќ, Виктор. *Археолошка карта на република Македонија,* Том 1, Македонска Академија на Науките и Уметностите, Скопје: 1994

Лилчиќ, Виктор. *Македонскиот камен за боговите, Христијаните и за живот по животот*. Том1, Скопје: Македонска цивилизација, 2001

Лилчиќ, Виктор. *Македонскиот камен за боговите, Христијаните и за живот по животот*, Том2. Скопје: Македонска цивилизација, 2002

Лилчиќ, Виктор. *МАКЕДОНИЈА милениумски културно – историски факти*. Скопје: 2013

Лилчиќ, Виктор. *Rimski sepulkralni spomenici u srednjem povardarju.* Arheoloski vestnik, 1990

Манева, Елица. *Средновековен накит од Македонија*. Скопје: 1992

Манева, Елица. *Macedoniae Acta Archaeologica*. Бр 16, Скопје: Македонско археолошко научно друштво, 2005

Манева, Елица. *Средновековна некропола Пепелиште*. Скопје: Македонска цивилизација, 2000

Микулчиќ, Горица. *Археолошка карта на Република Македонија.* Скопје: Македонска Академија на Науките и Уметностите, 1996

Микулчиќ, Иван. *Антички градови во Македонија*. Скопје: Македонска академија на науките и уметностите. 1999

Микулчиќ, Иван. *Проблемот на Антигонеја*. Скопје: Годишен зборник на Филозофски факултет, 1984

Микулчиќ, Иван. *Средновековни градови и тврдини во Македонија*. Скопје: Македонска цивилизација, 1996

Митревски, Драги. *Протоисториските заедници во Македонија: преку погребувањето и погребните манифестации*. Скопје: Републички завод за заштита на спомениците на културата, 1997

Митревски, Драги. *Археологија: основни принципи на теренското работење*. Скопје: Менора, 2009

Митревски Драги, *МАКЕДОНИЈА милениумски културно – историски факти*, Скопје. 2013

Музеј на град Велес. Записник од истражување и теренски дневник, 1960

Николова Паневска Милица, *Квалитативно – квантитативни карактеристики на јагленосното наоѓалиште Неготино, Р. Македонија*. Магистерски труд, Штип, 2012

Ончевска Тодоровска Марина, *Доцноантичка грнчарија во Република Македонија:( доцен 3 – ти / 6 – ти век)*, Скопје: Музеј на град Скопје, 2010

The Oxfor Dictionary of Byzantium. интернет верзија, 2005

Панзова, Виолета. *Науката како занает.* Скопје: Филозофски факултет, 2003

Папазовска, Александра. *Некрополите на Мали Дол - каталог.* Неготино: Музеј на град Неготино, 2018

Папазоглу, Фанула. *Македонски градови у римско доба.* Скопје: Жива антика, 1957

Петрова, Елеонора. *Macedoniae Acta Archaeologica.* Бр 12, Скопје: Здружение на археолозите на Македонија, 1991

Петрова, Елеонора. *Пајонија во II и I милениум пред н.е*. Скопје: 1999

Петров – Пецовска, Нивес и Миле Велчовски – *Културно наследство XXII – XXIII,* 1997

Петрушевски, Илија. *Македонија на мапи: од вториот до средината на деветнаесеттиот век.* Скопје: Љуботен, 1995

*Polish Macedonian excavations at Negotino – Gradiste, preliminary report 2009 – 2015* Brillowski Wojciech, Arkadiusz Koperkiewicz, Goran Sanev and Nikolas Sekunda.

Соколовска, Викторија. *Античка скулптура во СР Македонија*. Скопје: Музеј на Македонија, 1987

Соколовска, Викторија. *Исар – Марвинци и Повардарјето во античко време* Скопје: 1986

Соколовска, Викторија. *Macedoniae Acta Archaeologica*. Бр 12, Скопје: Здружение на археолозите на Македонија, 1991

Срејовиќ, Драгослав и Цермановиќ – Кузмановиќ, Александрина, *Речник на старогрчката и римската митологија*, Арс Ламина, 2016

Филипова, Костадинка. Извештај од археолошко ископување на локалитетот Градот, с.Горни Дисан, Неготино: Музеј на град Неготино, 2017

Филипова, Костадинка и Виктор Лилчиќ, *Новооткриена средновековна црква кај Вешје, Неготинско*. Македонско Наследство бр 31, Скопје: Македонска цивилизација, 2007

Хомер, *Илијада*. [ македонски препев] Петрушевски Д. Михаил. Скопје: Детска радост, 1995

Чаусидис, Никос. *Дуалистички слики – богомилството во медиумот на сликата*, Скопје: НИК Лист, 2003

Шелдаров Никола и Виктор Лилчиќ. *Кралевите на античка Македонија и нивните монети во Република Македонија*. Скопје: Македонска цивилизација, 1994

# IX - КАРТИ

## АРХЕОЛОШКИ ЛОКАЛИТЕТИ КОИ СЕ ОТКРИЕНИ НА ТЕРИТОРИЈАТА НА с.БРУСНИК




Рамно Поле

Турски Гробишта

**АРХЕОЛОШКИ ЛОКАЛИТЕТИ КОИ СЕ ОТКРИЕНИ НА ТЕРИТОРИЈАТА НА с.ВЕШЈЕ**




Чешмите во селото

Ракита чешма

# АРХЕОЛОШКИ ЛОКАЛИТЕТИ КОИ СЕ ОТКРИЕНИ НА ТЕРИТОРИЈАТА НА с. ВЕШЈЕ




Голема Лопатница

Прибошовец 1, Прибошовец 2, Прибошовец 3 и Ѕидана Гробница

## АРХЕОЛОШКИ ЛОКАЛИТЕТИ КОИ СЕ ОТКРИЕНИ НА ТЕРИТОРИЈАТА НА

## с.ВЕШЈЕ






Селиште

**АРХЕОЛОШКИ ЛОКАЛИТЕТИ КОИ СЕ ОТКРИЕНИ НА ТЕРИТОРИЈАТА НА с.ВОЈШАНЦИ**




Градиште




Маркова Нога

## АРХЕОЛОШКИ ЛОКАЛИТЕТИ КОИ СЕ ОТКРИЕНИ НА ТЕРИТОРИЈА НА с.ГОРНИ ДИСАН




Бугарови Грамади

Влашки Пат и Под влашки Пат

## АРХЕОЛОШКИ ЛОКАЛИТЕТИ КОИ СЕ ОТКРИЕНИ НА ТЕРИТОРИЈА НА с.ГОРНИ ДИСАН




Градот

## АРХЕОЛОШКИ ЛОКАЛИТЕТИ КОИ СЕ ОТКРИЕНИ НА ТЕРИТОРИЈА НА с.ГОРНИ ДИСАН




Мрдањето

# АРХЕОЛОШКИ ЛОКАЛИТЕТИ КОИ СЕ ОТКРИЕНИ НА ТЕРИТОРИЈАТА НА с.ДОЛНИ ДИСАН




Населба Белград

Некропола Белград

# АРХЕОЛОШКИ ЛОКАЛИТЕТИ КОИ СЕ ОТКРИЕНИ НА ТЕРИТОРИЈАТА НА с.ДОЛНИ ДИСАН




Ќофкарец

Двата гроба

**АРХЕОЛОШКИ ЛОКАЛИТЕТИ КОИ СЕ ОТКРИЕНИ НА ТЕРИТОРИЈАТА НА с.ДОЛНИ ДИСАН**




Локалитет над куќата со знамето

Локалитет над Василова чешма

## АРХЕОЛОШКИ ЛОКАЛИТЕТИ КОИ СЕ ОТКРИЕНИ НА ТЕРИТОРИЈАТА НА с.КРИВОЛАК




Тошова Лака

Гробишта

# АРХЕОЛОШКИ ЛОКАЛИТЕТИ КОИ СЕ ОТКРИЕНИ НА ТЕРИТОРИЈАТА НА с.КУРИЈА




Манастириште

Влакно

Над Влакно

# АРХЕОЛОШКИ ЛОКАЛИТЕТИ КОИ СЕ ОТКРИЕНИ НА ТЕРИТОРИЈАТА НА с.ЛИПА




Гробови до патот

# АРХЕОЛОШКИ ЛОКАЛИТЕТИ КОИ СЕ ОТКРИЕНИ НА ТЕРИТОРИЈАТА НА с.ЛИПА




Гробови јужно од Липа

**АРХЕОЛОШКИ ЛОКАЛИТЕТИ КОИ СЕ ОТКРИЕНИ НА ТЕРИТОРИЈАТА НА с.ЛИПА**




Гробови северно од Липа

# АРХЕОЛОШКИ ЛОКАЛИТЕТИ КОИ СЕ ОТКРИЕНИ НА ТЕРИТОРИЈАТА НА НЕГОТИНО




Градиште Неготино

# АРХЕОЛОШКИ ЛОКАЛИТЕТИ КОИ СЕ ОТКРИЕНИ НА ТЕРИТОРИЈАТА НА НЕГОТИНО




Кривото мовче

Кривото мовче – Винарија - локалитет во областа Стар расадник

Приватна винарија

# АРХЕОЛОШКИ ЛОКАЛИТЕТИ КОИ СЕ ОТКРИЕНИ НА ТЕРИТОРИЈАТА НА с.ПЕПЕЛИШТЕ






Сред село



Бела земја – Трнче



Трнче Стреа - средновековна некропола

# АРХЕОЛОШКИ ЛОКАЛИТЕТИ КОИ СЕ ОТКРИЕНИ НА ТЕРИТОРИЈАТА НА с.ТРЕМНИК





Атанасица


Западно од Атанасица


Источно од Атанасица


Бунарје

# АРХЕОЛОШКИ ЛОКАЛИТЕТИ КОИ СЕ ОТКРИЕНИ НА ТЕРИТОРИЈАТА НА с.ТРЕМНИК





Градиште


Чај Рид – Чаир Рид


Мали Дол


Орманков Гроб